International Labour Organization

# Краток водич за извори и користење на статистики за безбедност и здравје при работа

© Меѓународна организација на трудот 2026.
Прво издание 2026

**Attribution 4.0 International (CC BY 4.0)**
Ова дело е лиценцирано под лиценцата Creative Commons Attribution 4.0 International. Видете: creativecommons.org/licences/by/4.0. Корисникот има право на повторно користење, споделување (умножување и редистрибуција), како и адаптација (ремикс, трансформација и надополнување на изворното дело) во согласност со условите наведени во лиценцата. Корисникот мора јасно да ја наведе МОТ како извор на материјалот и да посочи доколку се направени измени во однос на изворната содржина. Користењето на амблемот, името и логото на МОТ не е дозволено во однос на преводи, адаптации или други изведени дела.

**Атрибуција** – Корисникот мора да наведе дали се направени измени и мора да го цитира делото на следниот начин: МОТ, *Краток водич за извори и користење на статистики за безбедност и здравје при работа*, Женева: Меѓународна канцеларија на трудот, 2026. © МОТ.

**Преводи** – Во случај на превод на ова дело, заедно со атрибуцијата мора да се додаде следната изјава за одрекување од одговорност: *Ова е превод на авторско заштитено дело на Меѓународната организација на трудот (МОТ). Овој превод не е изработен, прегледан или одобрен од МОТ и не треба да се смета за официјален превод на МОТ. МОТ се одрекува од секаква одговорност за неговата содржина и точност. Одговорноста исклучиво ја сноси авторот(ите) на преводот.*

**Адаптации** – Во случај на адаптација на ова дело, заедно со атрибуцијата мора да се додаде и следната изјава за одрекување од одговорност: *Ова е адаптација на авторско заштитено дело на Меѓународната организација на трудот (МОТ). Оваа адаптација не е изработена, прегледана или одобрена од МОТ и не треба да се смета за официјална адаптација на МОТ. МОТ се одрекува од секаква одговорност за нејзината содржина и точност. Одговорноста исклучиво ја сноси авторот(ите) на адаптацијата.*

**Материјали од трети страни** – Оваа лиценца Creative Commons не се однесува на материјали со авторски права кои не припаѓаат на МОТ, а се вклучени во оваа публикација. Доколку материјалот се препишува на трета страна, корисникот на ваквиот материјал е единствено одговорен за обезбедување на правата од носителот на правата и за сите евентуални побарувања поради повреда на авторските права.

Секој спор што ќе произлезе од оваа лиценца, а не може да се реши добронамерно, ќе биде упатен на арбитража во согласност со Арбитражните правила на Комисијата на Обединетите нации за меѓународно трговско право (UNCITRAL). Страните ќе бидат обврзани со секоја арбитражна одлука донесена како резултат на таквата арбитража, како правосилна одлука за таквиот спор.

За детали во врска со правата и лиценцирањето, стапете во контакт со: rights@ilo.org.

За детали за публикациите и дигиталните производи на МОТ, посетете го: www.ilo.org/publns.

ISBN: 9789220436912  (печатено издание); 9789220436929 (PDF веб-издание)

**Исто така достапно на:**
Англиски ISBN ISBN 9789220337028 (PDF веб-издание)
Француски ISBN ISBN 9789220348482 (PDF веб-издание)
Шпански ISBN 9789220348499 (PDF веб-издание)

Називите што се користат во публикациите и во базите на податоци на МОТ, кои се во согласност со практиката на Обединетите нации, како и начинот на изнесување на материјалите во нив, не подразбираат изразување на какво било мислење од страна на МОТ во врска со правниот статус на која било земја, област или територија или на нејзините власти, ниту во врска со утврдувањето на нејзините граници. Видете: www.ilo.org/disclaimer.

Мислењата и ставовите изнесени во оваа публикација се на авторот(ите) и не ги одразуваат нужно мислењата, ставовите или политиките на МОТ.

Наведувањето на имиња на фирми, комерцијални производи и процеси не подразбира нивно одобрување од страна на МОТ, а секое ненаведување на одредена фирма, комерцијален производ или процес не претставува знак на неодобрување.

Печатено во Швајцарија

# Краток водич за извори и користење на статистики за безбедност и здравје при работа

## Содржина


Благодарност ....4

1. Вовед ....5

2. Важност, примени и опсег на статистиките за безбедност и здравје при работа ....6

   2.1. Важноста на безбедноста и здравјето за општествата и економиите ....6

   2.2. Примени на статистиките за безбедност и здравје при работа ....7

   2.3. Опсег на статистиките за безбедност и здравје при работа ....8

3. Статистика на меѓународни стандарди за безбедност и здравје при работа ....11

   3.1. Меѓународни стандарди на трудот ....11

   3.2. Меѓународни стандарди за трудова статистика: Резолуција во однос на статистиката на повреди при работа (кои произлегуваат од несреќи при работа) ....12

   3.3. Методологија на МОТ за хармонизирање на статистиката за инспекција на трудот ....12

   3.4. Главни концепти и дефиниции на статистиките за безбедност и здравје при работа ....12

   3.5. Главни показатели за безбедност и здравје при работа ....14

4. Извори на статистики за безбедноста и здравјето при работа ....15

   4.1. Административна евиденција, вклучувајќи и осигурителни записи, записи за известувања и записи за инспекција на трудот ....18

   4.2. Пописи и анкети на деловни субјекти ....20

   4.3. Анкети на домаќинства ....25

   4.4. 4Комбинирање на различни алатки за здружување на нивните јаки страни ....31

   4.5. Други извори ....32

5. Предизвици и согледувања ....32

   5.1. Достапност на податоци ....32

   5.2. Разноликост на можни извори ....33

   5.3. Споредливост на податоци ширум државите ....33

   5.4. Споредливост на податоци со текот на времето и анализа на трендови ....33

   5.5. Важноста на расчленувањето на податоците ....34

   5.6. Влијанието на опфатеноста на статистиката ....35

   5.7. Анализа на статистиката за безбедност и здравје при работа во рамките на одреден контекст и преку кохерентна група на показатели ....36

   5.8. Потреба за координација помеѓу агенциите ....36

6. Завршни забелешки ....37

7. Библиографија ....38

# Благодарност

Овој краток водич е изработен од Росина Гамарано од Единицата за продукција и анализа на податоци при Одделот за статистика на МОТ, која моментално е распоредена во Канцеларијата на Резидентниот координатор на ОН во Мексико. Квалитетот на првичната верзија беше подобрен благодарение на значајните коментари од колеги, меѓу кои Алезе Шарбно, Стивен Капсос, Квентин Матис, Балинт Нафради, Ив Перардел и Јука Уџита. Овој документ е резултат на заедничкото работење на Одделот за статистика на МОТ и Секторот за трудова администрација, инспекција на трудот и безбедност и здравје при работа на МОТ.

Овој краток водич е производ на проектот на Фондот „Визија Нула“ (VZF) за пополнување на празнините во однос на податоците и знаењата за безбедноста и здравјето при работа во глобалните ланци на набавки, финансиран од страна на Европската Унија. Ставовите изразени во овој документ на ниеден начин не може да се сметаат како официјално мислење на Европската Унија. Фондот „Визија Нула“ се спроведува во рамките на водечката програма на МОТ „Безбедност + Здравје за сите“.

Преводот на публикацијата „Краток водич за извори и користење на статистики за безбедност и здравје при работа“ од англиски на македонски јазик е извршен во рамките на проектот „Кон безбедна и здрава работна средина во Северна Македонија“, спроведен од Меѓународната организација на трудот (МОТ). Проектот е финансиран од Европската Унија.

# 1. Вовед

Безбедноста и здравјето при работа се суштински аспект на достоинствената работа. Достоинствената работа е безбедна работа. Сите работници треба да се безбедни на своите работни места и да се сигурни дека не се изложени на неоправдани ризици и опасности. Физичките услови и менталните барања на работното место, како и работната средина во целост, имаат особено влијание врз добросостојбата и животните услови на работниците. Повредите при работа и професионалните болести чинат многу од човечки, социјален и економски аспект, па оттаму треба да настојуваме да обезбедиме безбедни работни места за сите.

Важноста на безбедноста и здравјето при работа беше препознаена во Агендата 2030 за одржлив развој – универзален повик за дејствување за искоренување на сиромаштијата, заштита на планетата и промовирање на одржлив развој насекаде, преточен во 17 цели усвоени од страна на сите земји-членки на Обединетите нации во 2015 година. Безбедноста и здравјето при работа се толку значајни за достоинствената работа и одржливиот развој што во рамките на Целта за одржлив развој 8, која се однесува на достоинствена работа и економскиот пораст, Потцелта 8.8 се однесува на заштитата на работничките права и унапредувањето на безбедни и сигурни работни средини за сите работници, вклучително и за работниците мигранти, а особено жените мигранти и лицата во несигурни и нестабилни облици на вработување. Здравјето при работа е опфатено и во Целта за одржлив развој 3, која е посветена на обезбедување здравје и добросостојба за сите.[1]

Во изминатите децении се вложени значителни напори за унапредување на безбедноста и здравјето при работа во одредени делови од светот, вклучително и преку бројни кампањи за подигање на свеста и засилен инспекциски надзор на работните места. Ваквите заложби вклучуваат и глобални иницијативи, како што е Фондот „Визија Нула“, поттикнат од Г7, поддржан од Г20, финансиран меѓу другите од Европската комисија, Франција, Германија, Норвешка, Шведска, Обединетото Кралство и Соединетите Американски Држави и спроведуван во рамките на водечката програма на МОТ „Безбедност + Здравје за сите“. Фондот „Визија Нула“ ги обединува владите, организациите на работодавачи и работници, компаниите и останатите чинители во заедничките заложби за остварување на целта за елиминирање на сериозните и смртоносни несреќи при работа, повредите и професионалните болести во глобалните ланци на набавки.[2] За жал, огромен број на работници сè уште се изложени на неоправдани ризици на нивните работни места, како и на несреќи на работното место кои сè уште се многу честа појава, а воедно и многу фактори поврзани со работата остануваат непроверени доведувајќи до професионални повреди и болести кои можеле да бидат спречени.

Во контекст на пандемијата со КОВИД-19, безбедноста и здравјето при работа добија уште поголемо значење. Здравствената криза беше потсетник за меѓународната заедница зошто безбедноста и здравјето при работа мора да бидат универзално загарантирани. Воедно, потребата од континуирано обезбедување на основни услуги за време на ограничувањата на движењето, од страна на работници изложени на зголемен ризик од заразување со коронавирусот – како што се здравствените работници, хигиеничарите, работниците во снабдувањето со храна, како и поштенските и доставните работници – ги изнесе на површина недостатоците во однос на нивната безбедност и здравје при работа и сериозните последици врз општеството во целина.

Во заложбите да се сопре или во најмала рака да се забави ширењето на вирусот, произлегоа нови начини на работа, вклучително и широко распространетата работа од далечина (работа од дома). Покрај тоа, со цел да се ублажат економските тешкотии произлезени од мерките за ограничување на движењето, деловните субјекти прибегнаа кон различни стратегии, вклучително отпуштања, привремени прекини на работењето, принудни одмори, намалување на работното време и намалување на платите. Ваквата новонастаната ситуација ја нагласува потребата за гарантирање на безбедноста и здравје при работа за сите работници, вклучително и за оние кои работат од далечина од својот дом, како и за оние кои не се на работа привремено или на неопределено време.

Секоја година на 28 Април, МОТ го одбележува Светскиот ден на безбедноста и здравјето при работа, што претставува годишна меѓународна кампања за унапредување на безбедното, здраво и пристојно работење.

---

[1] За повеќе информации во однос на Агендата за одржлив развој за 2030 година, повикајте се на Вебсајтот на ОН за Цели на одржлив развој

[2] За повеќе информации во однос на Фондот Визија Нула, повикајте се на https://www.ilo.org/global/about-the-ilo/how-the-ilo- works/departments-and-offices/governance/labadmin-osh/programmes/vzf/lang-- en/index.htm#:~:text=The%20Vision%20Zero%20Fund%20(VZF,diseases%20in%20global%20supply%20chains.

Препознавајќи го сериозното влијание на пандемијата врз работните услови ширум светот, а особено врз безбедноста и здравјето при работа, кампањата за 2020 година беше насочена кон промовирање на усвојување на мерки за безбедност и здравје при работа со цел спречување и ублажување на здравствените ризици, вклучително и оние што произлегуваат од нови работни договори.[3]

Имајќи ја предвид важноста на безбедноста и здравјето при работа, од клучно значење е достапноста на навремени и веродостојни информации за состојбата со безбедноста и здравјето при работа ширум светот, а особено во однос на недостатоците во областа на безбедноста и здравјето што наложуваат неодложно дејствување од страна на властите, носителите на политики и социјалните партнери.

Статистиките за безбедност и здравје при работа, вклучувајќи ги и оние за смртни случаи, повреди и професионални заболувања, се од суштинско значење за да се оцени степенот до кој професионалните опасности се спречени или контролирани и степенот до кој работниците се заштитени од опасности и ризици поврзани со работата. Воедно, статистиките за безбедност и здравје при работа придонесуваат за донесување на ефективни мерки и кампањи за спречување и намалување на ризиците поврзани со работата. Сепак, воспоставувањето на веродостојни статистики за безбедност и здравје при работа подразбира и постоење на предизвици. Можеби главниот предизвик останува недостатокот на достапни податоци за безбедноста и здравјето при работа во многу држави во светот, како и проблеми со навременоста, застапеноста, опфатот, споредливоста и веродостојноста на податоците.

Овој Водич обезбедува преглед на главните аспекти од статистиките за безбедност и здравје при работа, вклучувајќи ја и нивната важност и примена. Истовремено, се осврнува и на меѓународните стандарди што ги регулираат статистиките за безбедност и здравје при работа, како и опис на најчесто користените показатели за безбедност и здравје при работа. Дополнително, Водичот се осврнува на различните видови потенцијални извори на статистики за безбедност и здравје при работа, посочувајќи ги нивните предности и недостатоци. На самиот крај, Водичот укажува на главните предизвици поврзани со собирањето, објавувањето и толкувањето на статистиките за безбедност и здравје при работа.

Овој Водич е наменет да служи како воведен прирачник за статистики за безбедност и здравје при работа, обезбедувајќи значајни, но не и исцрпни информации. Тој претставува корисна референтна алатка за генераторите на податоци за статистики за безбедност и здравје при работа, за истражувачите, аналитичарите на пазарот на трудот, социјалните партнери, како и за корисниците на податоци кои покажуваат интерес за безбедноста и здравјето при работа.

# 2. Важност, примени и опсег на статистиките за безбедност и здравје при работа

## 2.1. Важноста на безбедноста и здравјето за општествата и економиите

Безбедна и здрава работна средина што гарантира безбедност и здравје при работа е во сржта на достоинствената работа и квалитетот на вработувањето. Безбедноста и здравјето при работа се клучен фактор што придонесува за добросостојбата и условите за живот на работниците (и нивните семејства). Општото ниво на здравје и добросостојба има влијание и на поширoко ниво, врз заедниците во целина. Улогата на безбедноста и здравјето при работа на пазарот на труд е од пресудно значење. Таа значително влијае врз квалитетот на вработувањето и е поврзана со пошироки социјални и економски димензии како што се економските перформанси, продуктивноста, потрошувачката и расходите. Оттаму, степенот до кој безбедноста и здравјето при работа се загарантирани има влијание врз исходите на пазарот на трудот и на макроекономско и на микроекономско ниво.

---

[3] За дополнителни информации во однос на Светскиот ден на безбедноста и здравјето при работа за 2020 година, повикајте се на: https://www.ilo.org/global/topics/safety-and-health-at-work/events-training/events-meetings/world-day-safety-health-at-work/WCMS_739669/lang--en/index.htm.

Најновите достапни глобални проценки укажуваат дека повеќе од 2,78 милиони работници ширум светот умираат секоја година како резултат на несреќи при работа или професионални заболувања, а бројката на нефатални повреди поврзани со работата изнесува приближно 374 милиони. Човечката цена на недостатоците во безбедноста и здравјето при работа е огромна и неприфатлива. Согласно истите проценки економскиот товар кој произлегува од лошите практики во областа на безбедноста и здравјето при работа изнесува речиси 4 проценти од глобалниот бруто-домашен производ секоја година.[4]

Безбедноста и здравјето при работа имаат особено значење за заедниците, општествата и економиите. Последиците од недостатоците во поглед на безбедноста и здравјето при работа можат да бидат сериозни не само за работниците и нивните семејства, туку и за општеството во целост, како и за пазарот на трудот и економијата. Вкупните трошоци кои произлегуваат од несреќите при работа и професионалните заболувања честопати се многу поголеми отколку што првично се перцепираат. Тие вклучуваат човечки, социјални и економски трошоци. Човечките трошоци сами по себе се доволни за да го оправдаат стремежот кон универзална безбедност и здравје при работа, но на нив се надоврзуваат и економските трошоци што ги сносат работодавачите, работниците и општествата. Трошоците за работодавачите опфаќаат директни трошоци, како што се оние поврзани со обесштетување на работниците кои доживеале повреда или заболување, и индиректни трошоци, како што се намалено производство или продуктивност.

Трошоците за работниците исто така можат да бидат разновидни, вклучувајќи загуба на приходи поради повреда или болест, трошоци за медицинско лекување (кои не се покриени од работодавачот или социјалното осигурување), како и поиндиректни трошоци, како што е соочување со понеповолни економски перспективи по несреќа при работа или професионално заболување. Трошоците за општеството можат да се манифестираат, на пример, преку трошоците за јавните или приватните здравствени осигурувања.

Со инвестирањето во безбедноста и здравјето при работа се намалуваат сите овие трошоци, а истовремено се подобруваат успешноста, продуктивноста и моралот на работниците. Потврдувајќи дека достоинствената работа е безбедна работа, Меѓународната организација на трудот има за цел да ја подигне свеста за човечките, социјалните и економските придобивки од инвестирањето во безбедноста и здравјето при работа, притоа ставајќи ги безбедноста и здравјето на сите работници на меѓународната агенда за да се поттикне усвојувањето ефективни мерки како на национално, така и на ниво на претпријатија.

Безбедноста и здравјето при работа доведува до просперитет и развој во неколку сфери, вклучително и во социјалната и економската сфера, па дури и во животната средина во случаи каде преземените мерки во корист на работниците и заедниците претставуваат придобивка и за планетата.

Сепак, за да се добие веродостојна слика за состојбата на безбедноста и здравјето при работа и да се постигне уверување дека навистина има некаков напредок, неопходна е навремена, прецизна и споредлива статистика.

## 2.2. Примени на статистиките за безбедност и здравје при работа

Имајќи ја предвид важноста на безбедноста и здравјето при работа за добросостојбата на работниците, нивните услови за живот, успешноста на пазарот на трудот, како и економските резултати, од суштинско значење е да се има веродостојни и навремени податоци за да се направи проценка на степенот на ризиците и опасностите на работа.

Статистиките за безбедност и здравје при работа обезбедуваат информации за контекстот во кој работат работниците и работодавачите, вклучувајќи ги и особеностите на здравствениот систем, системот на социјална заштита и односната правна рамка. Тие овозможуваат проценка на состојбата со безбедноста и здравјето на работниците и идентификување на области коишто предизвикуваат посебна загриженост, а со тоа укажувајќи на потребата од истражување, регулатива, подобрувања или наменски кампањи. Статистиките за безбедност и здравје при работа можат да се користат за планирање на превентивни мерки што би можеле да имаат големо позитивно влијание. Статистиките се корисни и при оценувањето на резултатите и исходите од преземените мерки и политики, системите и програмите спроведени на меѓународно, национално и ниво на претпријатие, и можат да посочат на напредок или влошување на состојбата со безбедноста и здравјето при работа.

---

[4] https://www.ilo.org/global/topics/safety-and-health-at-work/lang--en/index.htm

Веродостојните, релевантни, прецизни и навремени показатели за безбедноста и здравјето при работа претставуваат значајни алатки за поткрепа на креирањето и спроведувањето политики и донесувањето одлуки во оваа област. Воедно, тие се и многу корисни за социјалните партнери (синдикати, работодавачи и/или организации на работодавачи) за да тие бидат запознаени со состојбата и да одлучат што треба да се промени и на кој начин. Познавајќи ги ризиците поврзани со нивната работа и работните места, работодавачите, организациите на работодавачи, работниците и организациите на работници можат да земат активно учество во сопствената безбедност.

Статистиките за несреќи и повреди при работа, како и за професионални заболувања се од суштинско значење за проценка на тоа колку работните средини се безбедни и сигурни. Тие обезбедуваат информации за изложеноста на работниците на ризици при работа и можат да обелоденат кои групи на работници се најранливи. Ова може да им помогне на носителите на политики да ги насочат своите заложби така што преземените мерки да имаат што е можно поголемо влијание, на пример преку осмислување на специфични безбедносни кампањи или поефикасно насочување на инспекциските посети. Истовремено, статистиките се полезни за идентификација на нови опасности и ризици во зародиш.

Иако главната цел на показателите за безбедноста и здравјето при работа е можеби да обезбедат информации за цели на превенција, тие исто може да се искористат за низа други намени, како на пример проценка на последиците на несреќите поврзани со работата (на пример во однос на изгубени денови, изгубени приходи или изгубено производство), што пак може да ја подигне свеста за важноста на безбедноста и здравјето при работа.

Со усвојувањето на Агендата 2030 за одржлив развој и 17-те Цели за одржлив развој содржани во неа, меѓународната заедница ја препозна важноста на статистиката и мониторингот во постигнувањето на целите. Имајќи го тоа предвид, се изработи Глобална рамка на показатели за следење на напредокот во однос на постигнувањето на секоја цел и потцел за одржлив развој. Во однос на Потцелта 8.8 (Заштита на работничките права и промовирање безбедни и сигурни работни средини за сите работници, вклучувајќи ги работниците мигранти, особено жените мигранти и лицата во несигурни и нестабилни облици на вработување), оваа рамка на показатели вклучува показател за стапките на фатални и нефатални повреди при работа според пол и мигрантски статус (ЦОР показател 8.8.1).[5]

## 2.3. Опсег на статистиките за безбедност и здравје при работа

Опсегот на статистиките за безбедност и здравје при работа може потенцијално да е многу опсежен и да опфаќа огромен број на теми кои конкретно се однесуваат на безбедноста и здравјето при работа или поопшто на контекстот во поглед на социјалната заштита, здравјето, пазарот на трудот, економијата и законската рамка.

Во својот најтесен опсег, статистиките за безбедност и здравје при работа вклучуваат сè што е поврзано со несреќите и повредите при работа, како и професионалните заболувања (нивниот број, вид и особености, карактеристиките на засегнатите работници, нивната зачестеност, итн.), надоместоците поврзани со несреќи при работа и професионални заболувања, како и системите за пријавување (бројот на опфатени работодавачи и работници, нивните специфики, итн.).

За да се разбере состојбата со безбедноста и здравјето при работа, неопходно е таа да се анализира во нејзиниот контекст. Воедно, важно е да се има на располагање релевантни информации за пазарот на труд, а особено во однос на неговата структура: уделот на вработените, уделот на неформалното вработување, секторската структура во врска со вработеноста, распределбата на вработеноста низ националната територија, итн. Особено е важно да се имаат статистики за референтната популација што ја следат надлежните органи за безбедност и здравје при работа, со информации за видот на работници и секторите што се опфатени. Едновремено, од клучно значење е имањето на информации за системот на социјална заштита, неговиот опфат и обем, а особено во однос на покриеноста во случај на повреда при работа или професионално заболување, како и за здравствениот систем и системите за медицина на трудот.

---

[5] Повеќе информации за Глобалната рамка на индикатори за ЦОР се достапни на: https://unstats.un.org/sdgs/

Показателите за големината на економијата, економските перформанси, економскиот пораст и нееднаквостите се исто така полезни за обезбедување контекст за мерките за безбедност и здравје при работа.

Дополнително, показателите за повреди при работа се комплементарни со оние за трудовата инспекција, имајќи предвид дека трудовата инспекција е еден од главните механизми за следење на безбедноста при работа. Статистиките за инспекција на трудот имаат важна улога во развојот и изработката на националните политики, системи, програми и стратегии за инспекција на трудот, кои пак придонесуваат за подобрување и унапредување на безбедноста и здравјето при работа. Релевантните статистики за инспекција на трудот вклучуваат (но не се ограничени на) бројот на инспектори на трудот (особено во споредба со бројот на работни места што подлежат на инспекција на трудот), бројот на инспекциски посети и други сродни показатели.

Вреди да се напомене дека еден сеопфатен информативен систем за безбедност и здравје при работа би вклучувал статистички (квантитативни) показатели и квалитативни показатели (на пример, показатели за правната рамка или владеењето).

До оној степен до кој тоа е изводливо, податоците треба да бидат расчленети според сите релевантни категории, бидејќи расчленетите податоци ги посочуваат разликите меѓу групите на население и областите и ги откриваат предизвиците со кои се соочуваат одредени групи или региони. Корисни расчленувања меѓу другото вклучуваат пол, возраст, статус на вработувањето (вработени наспроти самовработени), стопанска дејност (сектори), занимање, урбани или рурални средини и работници мигранти или државјани.

На сликата 1 е претставено резиме на клучните ставки од прибраните податоци кои се однесуваат на статистиките за безбедност и здравје при работа.

▶ **Слика 1. Опсегот на статистиките за безбедност и здравје при работа**

### Општ контекст

- Економски пораст
- Пораст на продуктивноста на трудот
- Удел на доходот од труд
- Број и стапка на сиромаштија
- Опфат со социјална заштита
- Опфат со здравствени услуги
- Смртност предизвикана од опасни хемикалии и загадување на воздухот, водата и почвата
- Стапка на детски труд
- Показатели за нееднаквост
- Итн.

### Контекст на пазарот на трудот

- Вработување по регион во државата, рурални/урбани области, мигрантски статус, стопанска дејност, статус на вработување, јавен/приватен сектор, одработени часови, итн.
- Удел на неформалното вработување
- Просечна и средна заработка по час и месец
- Просечно работно време
- Стапка на невработеност и обесхрабрени баратели на работа
- Стапка на синдикална организираност
- Стапка на опфатеност со колективно договарање
- Стапка на организираност на организациите на работодавачи
- Итн.

### Правна рамка

- Слобода на здружување
- Право на колективно договарање
- Усогласеност со трудовите права
- Еднакви можности и третман
- Трудова администрација
- Инспекција на трудот
- Минимална плата
- Максимум работно време
- Прекин на вработувањето
- Осигурување за невработеност
- Надомест за повреда при работа
- Итн.

### Несреќи и повреди при работа

- Пријавени несреќи при работа според регион во државата, стопанска дејност, големина на претпријатието, број на вклучени работници, исход за работниците, итн.
- Пријавени и обесштетени фатални повреди при работа според карактеристиките на работниците, регион во државата, стопанска дејност, итн.
- Пријавени и обесштетени нефатални повреди при работа според карактеристиките на работниците, регион во државата, стопанска дејност, изгубено работно време, онеспособеност за работа, итн.
- Изгубено работно време поради повреди при работа според стопанска дејност
- Работници во референтната група (на пример, работници опфатени со инспекција на трудот, социјално осигурување или осигурување од повреди)

### Болести при работа

- Пријавени и обештетени болести при работа по вид на болест, сериозност, фактор на ризик, карактеристики на работниците, специфики на работното место, итн.
- Изгубено време поради болест при работа по стопанска дејност.
- Итн.

### Трудова инспекција

- Инспекцијата на трудот опфаќа: вработени лица и стопански единици или работни места опфатени со инспекцијата на трудот по регион во државата, рурални/урбани области, мигрантски статус, стопанска дејност, статус на вработување, јавен/приватен сектор, итн.
- Бројка на инспектори на трудот по пол, регион во државата и специјалност
- Работни услови и опрема на инспекторите
- Бројка на инспекциски посети по вид, исход, откриени прекршоци, изречени санкции, регион во државата, стопанска дејност, големина на субјектот.
- Итн.

# 3. Статистика на меѓународни стандарди за безбедност и здравје при работа

## 3.1. Меѓународни стандарди на трудот

Меѓународните стандарди на трудот се правни инструменти со кои се пропишуваат основните начела и права при работа на меѓународно ниво, изготвени и усвоени од конституентите на Меѓународната организација на трудот (влади, работодавачи и работници) за време на Меѓународните конференции на трудот. Меѓународните стандарди на трудот можат да бидат Конвенции, кои се правно обврзувачки за земјите што ги ратификувале или Препораки, кои служат како необврзувачки насоки. По усвојувањето на една Конвенција, земјите-членки на МОТ се обврзани да ја достават до својот парламент или до надлежниот орган за разгледување на нејзината ратификација. Земјите што ја ратификуваат Конвенцијата се обврзуваат да ја спроведат преку нејзино интегрирање во односното национално законодавство и обезбедување на нејзина практична примена. Воедно, тие се обврзуваат редовно да поднесуваат извештаи до МОТ за примената на Конвенцијата.

Областа на статистиките за безбедност и здравје при работа е регулирана со неколку меѓународни стандарди на трудот. *Конвенцијата за безбедност и здравје при работа* (Конвенција 155, усвоена во 1981 година) предвидува усвојување на кохерентна национална политика за безбедност и здравје при работа и ги пропишува активностите што владите и претпријатијата треба да ги преземат во насока на унапредување на безбедноста и здравјето при работа заради подобрување на работните услови. Важноста на статистиките за несреќи при работа и професионални заболувања е препознаена во оваа Конвенција, која вклучува обврска за нивно годишно изготвување. Повторно, *Протоколот од 2002 за Конвенцијата за безбедност и здравје при работа* се осврнува на потребата од зајакнување на процедурите за евидентирање и пријавување на несреќите при работа и професионалните заболувања и промовира усогласување на системите за евидентирање и пријавување со цел да се олесни донесувањето на превентивни мерки.

Воедно, *Конвенцијата за инспекција на трудот* (Конвенција 81, усвоена во 1947 година), во која се утврдуваат основните начела на системите за инспекција на трудот, содржи обврска за централниот национален инспекциски орган да објавува годишен извештај што вклучува статистики за персоналот и активностите на инспекцијата на трудот, како и за несреќите при работа и професионалните заболувања познати на инспекцијата на трудот. Со оглед на фактот што инспекцијата на трудот има централна улога во следењето и спроведувањето на безбедноста и здравјето при работа, ова претставува значаен документ за двете области.

*Конвенцијата за промотивната рамка за безбедност и здравје при работа* (Конвенција 187, усвоена во 2006 година) ги пропишува основните барања за соодветни системи за безбедност и здравје при работа, вклучувајќи собирање и анализа на податоци.

Препознавајќи дека сечие право на безбедност и здравје при работа вклучува пристап до свет на работа ослободен од насилство и вознемирување, Меѓународната конференција на трудот за време на својата стогодишна сесија ја усвои *Конвенцијата за насилство и вознемирување* (Конвенција 190, усвоена во 2019 година). Иако оваа Конвенција експлицитно не повикува на собирање релевантни податоци за случаи на насилство и вознемирување на работното место, таа повикува на следење и спроведување на законите и прописите, како и на подигање на свеста, а за сето тоа се неопходни (или барем би било многу покорисно да постојат) веродостојни податоци.

Во *Конвенцијата за трудова статистика* (Конвенција 160, усвоена во 1985) се утврдуваат основите за релевантен национален систем на статистика за пазарот на трудот, при што се нагласува не само важноста на достапноста на податоци за главните области од трудовата статистика, туку и потребата од транспарентни и издржани методологии. Државите кои ја имаат ратификувано Конвенцијата се обврзуваат редовно да изработуваат и споделуваат статистика за широк дијапазон на различни аспекти на пазарот на трудот, вклучувајќи и повреди и несреќи при работа, расчленети по стопанска дејност онаму кадешто тоа е можно.

## 3.2. Меѓународни стандарди за трудова статистика: Резолуција во однос на статистиката на повреди при работа (кои произлегуваат од несреќи при работа)

Постојат два вида меѓународни стандарди за трудова статистика: Конвенции и Препораки усвоени од Меѓународната конференција на трудот (разгледани во Делот 3.1) што се однесуваат на статистиката, и Резолуции и Насоки усвоени од Меѓународните конференции на трудови статистичари.

Главниот меѓународен стандард што конкретно се однесува на собирањето и објавувањето статистики за безбедност и здравје при работа е *Резолуцијата во однос на статистиката на повреди при работа (кои произлегуваат од несреќи при работа)* усвоена на Шеснаесеттата меѓународна конференција на трудови статистичари одржана во 1998 година.

Оваа Резолуција обезбедува информации за целите и примените на статистиките за повреди при работа, како и за главните можни извори на податоци. Воедно, таа ги претставува стандардните дефиниции за клучните поими што се однесуваат на несреќите и повредите при работа и ги наведува главните податоци што треба да се собираат и објавуваат.

Дефинициите утврдени во оваа Резолуција претставуваат меѓународни стандардни дефиниции што го насочуваат воспоставувањето на веродостојни и споредливи статистики на меѓународно ниво, вклучително и за следење на Целите за одржлив развој. Вреди да се напомене дека несреќите при работа, повредите или професионалните заболувања можат да бидат дефинирани различно за статистички цели отколку за потребите на трудовата инспекција, пријавувањето или обесштетувањето. Колку што е можно, воспоставувањето на статистики за безбедност и здравје при работа треба да се темели на стандардните статистички дефиниции.

## 3.3 Методологија на МОТ за хармонизирање на статистиката за инспекција на трудот

Потврдувајќи ја клучната улога што ја имаат статистиките за инспекција на трудот во изработката на националните политики, системи, програми и стратегии за инспекција на трудот, и согледувајќи дека собирањето, анализата и користењето на податоците од инспекцијата на трудот значително се разликуваат од една до друга земја, Меѓународната организација на трудот се залага за усогласување на статистиките за инспекција на трудот.

Врз основа на детални студии спроведени во земји од сите региони, МОТ изготви извештај што повикува на користење заедничка методологија за статистиките за инспекција на трудот и ги утврдува главните аспекти на таквата методологија, насловен *„Водич за усогласување на статистиките за инспекција на трудот“*.

Со оглед на силната поврзаност меѓу системите за инспекција на трудот и безбедноста и здравјето при работа, овој извештај претставува значаен документ и за областа на статистиките за безбедност и здравје при работа

## 3.4. Главни концепти и дефиниции на статистиките за безбедност и здравје при работа

Главните концепти и дефиниции користени во областа на безбедноста и здравјето при работа се наведени подолу по азбучен ред. Дефинициите кои се претставени овде се дефиниции од меѓународни стандарди преземени од *Резолуцијата во однос на статистиката на повреди при работа (кои произлегуваат од несреќи при работа)*, други релевантни резолуции усвоени од страна на Меѓународните конференции на трудови статистичари, Конвенции на МОТ и останати службени документи од меѓународен ранг, како на пример *Прирачникот на МОТ за показатели за пристојна работа.*

**Несреќа при патување од/до работа:** несреќа која се има случено за време на вообичаеното движење, во која било насока, помеѓу работното место или местото за обука за работата и примарното или секундарно живеалиште на работникот, местото каде работникот вообичаено ги конзумира своите оброци или местото

каде тој/таа вообичаено го добива својот паричен надоместок, која несреќа доведува до смртност или лична повреда.

**<u>Деловни единици или работни места што подлежат на инспекција на трудот:</u>** деловни единици или работни места што се предмет на инспекција на трудот согласно националното законодавство.

**<u>Родово базирано насилство и вознемирување:</u>** насилство и вознемирување (вклучувајќи сексуално вознемирување) насочено кон лица поради нивниот пол или род, или кое несразмерно ги погодува лицата од одреден пол или род.

**<u>Неспособност за работа:</u>** онеспособеност на жртвата, поради повреда при работа, да ги извршува своите вообичаени работни обврски на работното место или позицијата што ја извршувала во моментот на несреќата при работа. Неспособноста за работа може да биде привремена или трајна.

**<u>Инспекциска посета:</u>** инспекциска посета се случува секојпат кога еден или повеќе инспектори лично ја посетуваат деловната единица за да ја проверат усогласеноста со трудовото законодавство. Инспекциската посета е специфичен вид на инспекциско дејствие.

**<u>Инспектор на трудот:</u>** јавен службеник назначен или вработен како инспектор на трудот (вклучувајќи инспектори помошници, контролори на труд или слични категории) кој врши советодавни, контролни и мониторинг задачи во однос на законите и прописите од обласа на трудот и кој е одговорен за поведување постапки за санкционирање во случај на прекршување.

**<u>Несреќа при работа:</u>** неочекуван и непланиран настан, вклучувајќи чин на насилство, што произлегува од работата или е поврзан со работата и кој доведува до тоа еден или повеќе работници да претрпат телесна повреда, заболување или смрт. За несреќи при работа се сметаат и патни, транспортни или сообраќајни несреќи при кои работниците се повредени и кои произлегуваат од или се случуваат во текот на работата (односно додека извршуваат одредена стопанска дејност, додека се на работа или ја вршат дејноста на работодавачот). Несреќите при патување од и до работа не се сметаат за несреќи при работа.

**<u>Професионално заболување:</u>** заболување настанато како последица на изложеност во одреден временски период на ризик-фактори што произлегуваат од работната дејност.

**<u>Повреда при работа:</u>** секоја телесна повреда, заболување или смрт што произлегува од несреќа при работа. Следствено на ова, повредата при работа се разликува од професионалното заболување, кое претставува заболување настанато како резултат на долготрајна изложеност на ризик-фактори што произлегуваат од работната дејност. Случај на повреда при работа е случај кога еден работник претрпел повреда при работа како резултат на несреќа при работа (еден работник може да претрпи повеќе повреди при работа). Повредата при работа може да биде фатална (кога смртта настапила во рок од една година од денот на несреќата при работа) или нефатална со изгубено работно време. Статистиките за фатални и нефатални повреди при работа секогаш треба да се прикажуваат, обработуваат и толкуваат одделно, бидејќи тие обично произлегуваат од различни извори, честопати имаат различен опфат и следат различни методологии.

**<u>Трајна неспособност за работа:</u>** случаи на повреда при работа при кои повредените лица не биле способни за работа од денот на несреќата и никогаш повеќе не биле во можност да ги извршуваат вообичаените работни должности на работното место или позицијата што ја имале во моментот на несреќата при работа што довела до повредата.

**<u>Привремена неспособност за работа:</u>** случаи на повреда при работа при кои повредените работници не биле способни за работа следниот ден по денот на настанување на несреќата, но подоцна повторно биле способни да ги извршуваат вообичаените работни должности на работното место или позицијата што ја имале во моментот на несреќата при работа што довела до повредата (во период од една година од денот на несреќата).

**<u>Насилство и вознемирување во светот на работата:</u>** се однесува на низа неприфатливи однесувања и практики, или закани за такви, без разлика дали станува збор за поединечен настан или повторливи дејствија, кои имаат за цел, доведуваат до или е веројатно дека ќе доведат до физичка, психолошка, сексуална или економска штета, при што вклучуваат и родово базирано насилство и вознемирување.

**Работници во референтната група:** Работници во односната група кои се земаат предвид или кои се опфатени со изворот на статистиката за повреди и несреќи при работа или професионални заболувања (на пример оние од одреден пол или специфична стопанска дејност, занимање, регион, старосна група или која било нивна комбинација или пак оние опфатени со конкретна шема на осигурување, систем за известување за несреќи или анкета на домаќинства или деловни субјекти). Работниците во референтната група претставуваат потенцијален опфат на статистиките за безбедност и здравје при работа, па оттаму тие ќе служат како именител при пресметката на клучните показатели за несреќи при работа и стапки на повреди.

## 3.5. Главни показатели за безбедност и здравје при работа

Општо земено, тешко е и не е особено информативно да се анализира бројот на несреќи и повреди при работа или професионални заболувања во апсолутни вредности со оглед на фактот што тие не пренесуваат никаква информација освен нумеричката големина на појавата. Всушност, дури и самата нумеричка големина е тешко да се разбере доколку не се стави во контекст. Единствено врз основа на вкупниот број на несреќи и повреди при работа или професионални заболувања, тешко е да се утврди колку често овие појави се случуваат, колкав е степенот на изложеност на работниците на ризик и колкава е веројатноста ваквите инциденти да се повторат во иднина. Со цел да се извлечат покорисни заклучоци од статистиките и да се овозможат споредби (во текот на времето, меѓу различни земји, па дури и меѓу стопански дејности или занимања), се препорачува бројките да се стават во перспектива преку пресметување на стапка или сооднос.

Главните стапки на повреди при работа што се користат во трудовата статистика се: стапки на инциденца (број на повреди при работа во текот на референтниот период на одреден број работници во референтната група), стапки на зачестеност (број на повреди при работа во текот на референтниот период на одреден број работни часови одработени од работниците во референтната група) и стапки на сериозност (број на изгубени денови поради нови случаи на повреди при работа во текот на референтниот период на одреден број работни часови одработени од работниците во референтната група).

Овие стапки се изразуваат на одреден број работници во референтната група (инциденца) или на одреден број работни часови одработени од работниците во референтната група (зачестеност и сериозност). Овој број може да биде 100, 1.000, 100.000, 1.000.000 итн. Имајќи ја предвид големината на бројот на повреди при работа или изгубени денови, треба да се избере онаа единица што најмногу го олеснува толкувањето на стапките, со минимизирање на бројот на децимали потребни за добиените стапки да бидат значајни.

Иако стапките на повреди при работа би можеле да се изразат на одреден број на работници или часови зависно од контекстот и соодветноста, за целите на споредливост на податоци, формулите кои се најчесто прифатени се следниве:

**Стапка на инциденца на повреди при работа**

$$= \frac{\text{Број на нови случаи на повреди при работа}}{\text{Број на работници во референтната група}} \; x \; 100'000$$

**Стапка на зачестеност на повреди при работа**

$$= \frac{\text{Број на нови случаи на повреди при работа}}{\text{Работни часови одработени од работниците во референтната група}} \; x \; 1'000'000$$

**Стапка на сериозност на повредите при работа**

$$= \frac{\text{Број на изгубени денови поради нови случаи на повреди}}{\text{Работни часови одработени од работниците во референтната група}} \; x \; 1'000'000$$

Сите овие стапки треба да се пресметаат поединечно за повредите при работа и за нефаталните повреди.

Стапките на инциденца за фаталните и нефаталните повреди при работа укажуваат на степенот до кој работниците во референтната група се изложени на ризици поврзани со работното место со прикажување на просечниот број на фатални и нефатални повреди на работа по работник (или по даден број на работници во референтната група). Ова посочува на веројатноста работниците во референтната група да претрпат повреди поврзани со работата.

Слично на ова, стапките на зачестеност на фаталните и нефаталните повреди при работа обезбедуваат информации за веројатноста работниците во референтната група да се здобијат со повреди при работа поради бројот на одработени часови. Со други зборови, тие го претставуваат просечниот број на фатални или нефатални повреди при работа по одработен час на работниците во референтната група (или по одреден број на часови одработени од работниците во референтната група).

Стапките на сериозност на фаталните и нефаталните повреди при работа ни даваат претстава за релевантните трошоци или влијание во однос на работни денови поради несреќи при работа.

Стапките може исто така да се пресметаат за подобро да се процени опсегот и дејностите кои ги презема инспекцијата на трудот. На пример, стапката на инспекција на трудот го претставува просечниот број на инспектори на трудот на одреден број вработени лица, а со тоа изнесувајќи го степенот до кој вработените од инспекторатот на труд располагаат со средствата нопходни за спроведување на регулативите за безбедност и здравје.

Исто како и кај стапките на повреди при работа, стапката на инспекцијата на трудот би можела да се изрази по различни бројки на вработени лица. Сепак, имајќи ја предвид големината на соодносот на инспектори наспроти вработените ширум светот, за целите не меѓународна споредливост, се препорачува следнава пресметка:

$$\text{Стапка на инспекција на трудот} = \frac{\textit{Број на инспектори на трудот}}{\textit{Вработување}}\ x\ 100'000$$

Системите за социјална заштита е исто така важни за безбедноста и здравјето при работа. Од суштинска важност е имањето на информации за уделот на работници кои би биле покриени во случај на повреда или несреќа при работа.

$$\text{Удел на работници кои имаат покритие во случај на повреда при работа} = \frac{\textit{Работници заштитени со осигурување за повреди}}{\text{Вработување}}\ x\ 100'000$$

# 4. Извори на статистики за безбедноста и здравјето при работа

Статистиката на трудот опфаќа статистика од широк спектар на теми поврзани со трудот и може да се добие од низа различни извори. Карактеристиките на статистичкиот извор одредуваат колку веродостојна, споредлива и репрезентативна е статистиката на трудот. Оттаму, кога зборуваме за статистика на трудот, нужно е да се разберат импликациите за видот на користен извор, како и да се има предвид методологијата и опфатеноста (географска, население, теми, итн.) на основниот извор.[6] Ова е од пресудно значење за статистиката на безбедноста и здравјето при работа, која може да произлегува од низа најразлични извори.

[6] Од Брзиот водич за извори и примени на статистика за трудот..

Потрадиционалните извори на статистика за трудот се пописите на население и деловни субјекти, како и анкетите на домаќинства и деловни субјекти, бидејќи тие се специјално дизајнирани за генерирање статистики. Сепак, голем обем на значајни информации може да се добие и од извори што првично не биле воспоставени за статистички цели, како што се административната евиденција и големите податоци.[7]

Во случајот на статистиките за безбедност и здравје при работа, административната евиденциjа што ја водат различни институции, како што се министерството за труд, инспекцијата на трудот, социјалното осигурување или министерството за здравство, се вообичаено најчестите извори. Сепак, можно е статистики за безбедност и здравје при работа да се добијат и преку анкети на домаќинства или пописи и анкети на деловни субјекти. Овие активности за прибирање податоци се дизајнирани специјално со цел генерирање статистики (вообичаено од страна на Државниот завод за статистика или други релевантни надлежни органи).

Ниту еден извор на статистика не може да ги задоволи сите статистички потреби, што подразбира дека различните видови извори се комплементарни, а не замена едни за други. Секој вид на извор на податоци има свои предности и недостатоци, а комбинирањето на изворите овозможува искористување на нивните силни страни. Сепак, во областа на статистиките за безбедност и здравје при работа, недостатокот на достапни податоци и натаму останува најголемиот предизвик, и честопати нема повеќе од еден веродостоен извор на податоци што е достапен.

[7] Од Брзиот водич за извори и примени на статистика за трудот..

▶ **Слика 2. Клучни предизвици и недостатоци на главните извори на статистика за безбедност и здравје при работа**

| Предности | Недостатоци |
|---|---|
| **Административна евиденција** | |
| -Достапни податоци, нема потреба од дополнителни заложби или трошоци за прибирање, економично | - Следење на административни цели и насоки, а не статистички. Ставките од прибирањето на податоци се утврдуваат согласно административните потреби, а не согласно статитичките |
| - Обично обезбедуваат целосен опфат на севкупното население | - Иако опфатот на севкупното население може да е исцрпен, најчесто е ограничен и далеку од сеопфатен |
| - Вкупниот број овозможува многу високо ниво на детали | - Честопати не се ажурира на редовна основа<br>- Вообичаено недостасува пријавување<br>- Официјалните барања за пријавување честопати исклучуваат одредени категории на работници |
| **Анкети и пописи на субјекти** | |
| - Сеопфатна покриеност на големите бизниси | - Честопати, многу мала опфатеност на малите бизниси и неформалниот сектор |
| - Податоци од евиденцијата на плати со висока точност | - Висока стапка на неодговорени прашања (доколку одговорот е незадолжителен) |
| - Исцрпни информации за работодавачот или деловната единица, како и за вработените | - Податочните ставки се ограничени во однос на информации во регистрите на деловни субјекти и нив ги обезбедува работодавачот<br>- Грешки кај примерокот (при анкетните истражувања)<br>- Генерално нема информации за работниците кои не се вработени (како што се самовработени лица и неплатени членови на семејството кои помагаат во семејна дејност), работници кои не се регистрирани или кои работат во неформалната економија. |
| **Анкета на домаќинства** | |
| - Сеопфатната покриеност на работоспособното население (вработени, невработени или надвор од работната сила) овозможува студии во рамките на и надвор од вработувањето ширум различни категории на вработени лица. | - Квалитетот на податоците зависи од прецизноста на испитаниците. Ова е особено значајно за прашања кои се однесуваат на безбедноста и здравјето при работа каде субјективноста може да ги наведе испитаниците поинаку да се навратат на или да ги класификуваат случувањата. |
| - Дизајнот на прашалникот овозможува собирање на податочни ставки од интерес, а со деталните прашалници се добиваат попрецизни мерења | - Карактеристиките на примерокот може да спречат веродостојни проценки на мали групи и области |
| - Голем потенцијал за интересни вкрстени табулации со оглед на големиот обем на прибрани променливи | - Грешки во примерокот<br>- Помал квалитет на податоците за чувствителни теми |

## 4.1. Административна евиденција, вклучувајќи и осигурителни записи, записи за известувања и записи за инспекција на трудот

Административната евиденција се состои од списоци на единици од одредена популација (лица, предмети/ставки или настани), кои содржат информации за секоја единица (варијабли поврзани со секоја единица, географската локација на секоја единица и поврзаност меѓу единиците), при што секоја единица може единствено да се идентификува, а информациите редовно се ажурираат. Овие записи ги генерира и одржува одредена институција за административни цели, особено за водење на евиденција за сите елементи со кои таа институција управува, па оттаму имаат тенденција да претставуваат целосен список на сите објекти во референтната група или популација (иако во практика е можно да постојат податоци што недостасуваат). Општо земено, со оглед на фактот што административната евиденција е наменета да ѝ овозможи на надлежната институција да води евиденција за сите елементи од одреден вид (на пример, за целиот персонал, ресурсите, спроведените активности или членовите), сите елементи се идентификуваат, а евидентирањето е сеопфатно. Сепак, со оглед на фактот што оваа евиденција се генерира за административни, а не за статистички цели (при што генерирањето статистика е позитивен спореден ефект), веродостојноста и валидноста на статистиката ќе зависи од административните процеси. Квалитетот на податоците, видот на достапните податоци, нивниот опфат и навременост се условени од карактеристиките на евиденцијата и постапките за регистрирање.[8]

Административните записи се најчестиот извор на статистика за безбедност и здравје при работа. Всушност, можеби нивната најголема предност е токму нивната широка распространетост. Недостатокот на достапни податоци претставува огромен предизвик во областа на статистиката за безбедност и здравје при работа. Во отсуство на статистички истражувања, како што се анкети на деловни субјекти или домаќинства, административните записи што ги генерираат различни институции за свои сопствени потреби честопати претставуваат единствениот достапен извор на податоци за безбедноста и здравјето при работа.

Постојат многу различни видови административна евиденција од која може да се добие статистика за безбедност и здравје при работа, вклучувајќи ја евиденцијата што ја водат министерствата за труд, инспекторатите за труд, министерствата за здравство, институциите за социјално осигурување, приватните осигурителни компании и синдикатите. Различните видови евиденција имаат различни цели и се водат согласно различни правила, па оттаму статистиката што произлегува од нив има различни методологии и опфат. На пример, евиденцијата од односниот систем за пријавување на несреќи при работа од страна на работодавачите, работниците или инспектор на трудот до надлежниот орган (што понекогаш е законска обврска), и евиденцијата за побарани (и исплатени) надоместоци од работници кои претрпеле повреда при работа до надлежниот орган (социјално осигурување, министерство за труд. итн.), можат да генерираат различни статистики за повредите при работа. Сепак, факт е дека честопати не сите пријавени повреди се обесштетуваат и/или не сите обесштетени повреди се пријавени.

Оттаму, кај статистиката за безбедност и здравје при работа, веродостојноста на податоците во голема мера зависи од тоа дали регистрирањето или пријавувањето на несреќите при работа, повредите и/или професионалните заболувања до институцијата која ја води евиденцијата е задолжително или не. Во случаи кога пријавувањето на несреќите не е задолжително или постојат причини да се верува дека овие појави во голема мера не се пријавуваат, евиденцијата може да биде нецелосна, а статистиките кои произлегуваат од неа ќе ги потценуваат професионалните ризици и опасности. Слично на тоа, кога статистиките се изведуваат од осигурителна евиденција, важно е да се знае опфатот на системот за надомест на штета за да може да се процени колку статистиките се сеопфатни. Повторно, доколку конкретното осигурување не покрива значителен дел од вработените лица, статистиката добиена од неговата евиденција ќе има ограничен опфат и никогаш не треба да се толкува како да е репрезентативна за целата држава.

Воопшто, опфатот на административните записи можеби не е целосен поради недоволното пријавување (непријавување на несреќи при работа), поради тоа што некои работници немаат пристап до системите за обесштетување (на пример, работниците во неформалната економија може да бидат исклучени), или затоа што евиденцијата опфаќа само одредени региони или стопански дејности. Во такви случаи, од клучно значење е да се располага со прецизни информации за опфатот на статистиката, а со цел да се обезбеди нивно правилно толкување.

---

8 Од Брзиот водич за извори и примени на статистика за трудот.

Дополнително на ова, бидејќи прибирањето на податоци е во сообразност со административните цели на агенцијата која ги води записите, прибраната статистика за несреќи и повреди при работа или професионални болести може да не се однесува на дефинициите изнесени во Делот 3.4, туку на дефинициите воспоставени од страна на агенцијата во прашање. На пример, како што беше споменато погоре, статистиката за повреди при работа од осигурителни записи може да се однесува единствено на повредите за кои имало ефективно обесштетување од страна на дадената агенција, додека статистиката од записите на инспекцијата на трудот може да се однесуваат единствено на повреди при работа за кои бил известен инспекторатот за труд или кои им биле ставени до знаење на инспекторите на трудот.

Слично на тоа, временските периоди и временските прагови што се користат како оперативни критериуми се од клучно значење во статистиката за безбедност и здравје при работа. Идеално, сеопфатното евидентирање на повредите при работа би ги опфатило сите повреди, без оглед на времетраењето на неспособноста за работа што тие ја предизвикале. Како и да е, од оперативни причини, евиденциите честопати регистрираат единствено повреди што довеле до отсуство од работа кое надминува одреден број денови. Во такви случаи, важно е да се процени колку повреди остануваат неевидентирани и тоа да се земе предвид при проценките на трошоците поврзани со несреќите при работа. На пример, доколку повредите при работа се евидентираат и анализираат само доколку предизвикале отсуство од работа од најмалку три дена, а повеќето повреди во државата се со пократко отсуство (и затоа никогаш не влегуваат во евиденцијата), надлежните органи значително ќе го потценат вкупниот број изгубени работни денови, влијанието на несреќите врз производството, ризиците на кои се изложени работниците и безбедносните прашања што треба да се разгледаат.

Вреди да се напомене дека административните записи што ги водат различни институции честопати вклучуваат различни аспекти на безбедноста и здравјето при работа. Институциите што собираат информации за професионалните заболувања вообичаено се разликуваат од оние што се сосредоточуваат на несреќите при работа или повредите при работа. Институциите до кои се пријавуваат повредите при работа не се истите што се задолжени за нивно обесштетување. Институциите до кои се пријавуваат или кои обесштетуваат фатални повреди при работа најчесто се разликуваат од институциите што се занимаваат со нефатални повреди при работа. Следствено на ова, при извлекување статистика од административни записи, информациите за професионалните заболувања, фаталните повреди при работа и нефаталните повреди при работа многу веројатно ќе произлегуваат од различни извори. Ова подразбира дека изворите може да имаат различен опфат, па статистиките за заболувања, фатални повреди и нефатални повреди, иако многу комплементарни, не мора да се строго споредливи.

Добар пример за генерирање статистика од административни записи во областа на безбедноста и здравјето при работа е Аргентинската управа за ризици при работа *(Superintendencia de Riesgos de Trabajo).* Согласно пријавените несреќи при работа, несреќи при патување до и од работа и професионални заболувања, доставени од различни осигурителни шеми или работодавачи, оваа институција врши консолидација на значајна статистика за безбедноста и здравјето при работа со цел следење на ризиците и спречување на идни несреќи. Ваквата статистика редовно се објавува на веб-страницата на институцијата.[9] Воедно, Националниот институт за осигурување на Костарика прибира и објавува значајна статистика за несреќите при работа и нивните последици.[10] Слично на тоа, *Safe Work Australia*, австралиската институција надлежна за развој на националната политика во областа на безбедноста и здравјето при работа, изготвува и објавува статистика врз основа на различни извори на административни податоци.[11]

Управата за безбедност и здравје при работа на Ирска прибира податоци за несреќи и повреди при работа со цел следење на состојбата со безбедноста и здравјето при работа и идентификување на главните ризици. Податоците ги доставуваат работодавачите и самовработените лица. Работодавачите имаат законска обврска да пријават инциденти до оваа институција кога повредите предизвикуваат отсуство од работа во времетраење од четири или повеќе дена.[12]

---

[9] Достапно на: https://www.srt.gob.ar/estadisticas/acc_ultimos_datos.php.

[10] Достапно на https://www.sugese.fi.cr/seccion-estadistica. Резимирана статистика е исто така вклучена во Статистичкиот годишник на Министерството за труд (издание за 2019 година достапно на: http://www.mtss.go.cr/elministerio/despacho/estadisticas/documentos-estadisticas/anuario_estadistico_mtss_2019.pdf).

11 Достапно на https://www.safeworkaustralia.gov.au/statistics-and-research/statistics/statistics.

12 Повеќе информации за собирањето на овие податоци се достапни на: https://www.hiqa.ie/areas-we-work/health-information/data-collections/work-related-injuries-database.

Вообичаено информациите кои се содржани во административните записи се добиени со формулар за известување или пријавни обрасци за барање на штета пополнети и поднесени од работници и работодавачи или преку дневникот на работни должности кој го водат инспекторите на трудот. Оттаму, достапните променливи и показатели зависат од содржината на овие формулари и обрасци, додека пак квалитетот е условен од прецизноста на лицата кои ги поднесуваат. *Workplace Denmark*, данската управа која ја следи безбедноста и здравјето кај странските даватели на услуги и работниците кои се распоредени да работат во Данска, нуди примерок на формулар за известување кој работниците мора да го пополнат кога вработениот е повреден при незгода на работа за несреќата да се пријави кај надлежните власти.[13]

## 4.2. Пописи и анкети на деловни субјекти

Пописите и анкетите на деловните субјекти претставуваат статистички истражувања кај кои единица која е предмет на набљудување е претпријатието. Оттука, тие можат да обезбедат податоци за теми за кои деловниот субјект или работодавачот располага со информации, како што се платите, работното време, вработените и слободните работни места. Пописот на деловни субјекти претставува сеопфатна активност што ги покрива сите претпријатија во една држава, додека анкетата на деловни субјекти се спроведува единствено на репрезентативен примерок од деловни субјекти. Следствено на ова, пописите на деловни субјекти се поскапи и обично се спроведуваат поретко од анкетите, но обезбедуваат поголема репрезентативност.

Пописите и анкетите на деловни субјекти можат да служат како извори на податоци за безбедноста и здравјето при работа, иако за оваа намена се користат многу поретко од административните записи.

Статистиките добиени од пописите и анкетите на деловни субјекти обично се многу прецизни бидејќи се темелат на информации преземени директно од евиденцијата на претпријатијата. Покрај тоа, претпријатието може да обезбеди детални информации за сопствените карактеристики (големина на претпријатието, стопанска дејност, производство, итн.). Дополнително, пописите и анкетите на деловните субјекти обезбедуваат веродостојни податоци за сите работници опфатени со нивниот опсег (а, не само за работниците што доживеале несреќа при работа), што значи дека имаат потенцијал да обезбедат веродостојна статистика за инциденцата, зачестеноста и сериозноста на несреќите при работа. Со други зборови, тие можат да обезбедат статистички податоци и за броителот и за именителот при пресметката на стапките на инциденца, зачестеност и сериозност на повредите при работа, што ја прави нивната пресметка конзистентна и веродостојна.

Анкетите на деловните субјекти се посебно корисни за проучување на безбедноста при работа во особено опасни стопански дејности или региони со оглед на фактот што тие дејности или региони можат да се идентификуваат и приоретизираат уште при изборот на примерокот.

Како и да е, достапноста на информации за безбедноста и здравјето при работа преку пописи и анкети на деловни субјекти зависи од дизајнот на прашалникот, а особено од бројот и квалитетот на прашањата поврзани со оваа област.

Понатаму, анкетите на деловни субјекти најчесто имаат ограничен опфат. Не е невообичаено тие да ги опфаќаат само претпријатијата над одредена големина и/или во одредени стопански дејности, како што се приватните неземјоделски претпријатија. Ретко ги опфаќаат претпријатијата од неформалниот сектор. Воедно, податоците од анкетите на деловни субјекти воглавно се однесуваат само на вработени лица (типот на работници што работат во претпријатијата), со што се исклучуваат самовработените лица (лица што работат за сопствена сметка, неплатени членови на семејството што помагаат во семејна дејност и сл.).

Оттаму, податоците од анкетите на деловните субјекти можат да исклучат значителен сегмент од вработеното население. Следствено, валидноста на податоците од анкетите на деловни субјекти за одредена земја е поврзана со уделот на неформалната вработеност, уделот на лицата вработени во мали бизниси и уделот на самовработувањето.

Во многу земји, опфатот на анкетата на деловни субјекти ќе биде условен од покриеноста и целосноста на деловниот регистар што се користи како рамка за избор на примерокот. Идеално, оваа рамка треба да ги

---

[13] Достапно за преземање на: https://workplacedenmark.dk/health-and-safety/report-a-work-accident/.

опфаќа сите поголеми региони на земјата, сите стопански дејности и сите големини на претпријатија.

Едновремено, иако информациите кои се директно преземени од платните листи се оние со најголема прецизност и точност, прецизноста на информациите за несреќи и повреди при работа, како и за професионални заболувања и безбедносни прашања сепак ќе зависи од искреноста на испитаниците, од начинот на кој тие ја восприемаат анкетата и за што тие сметаат дека ќе се искористат прибраните информации.

Во Јапонија, Министерството за здравство, труд и добросостојба спроведува анкета на деловните субјекти секоја година почнувајќи од 1952 година во врска со индустриски несреќи со цел да се добијат информации за вакви појави. Примерокот од оваа анкета опфаќа приближно 32000 деловни субјекти како од приватниот, така и од јавниот сектор.[14]

Во Соединетите Американски Држави исто така се спроведува годишна анкета на деловни субјекти со цел да се проценат стапките на инциденца и случаите на несреќи и повреди при работа, како и професионални заболувања. Анкетата насловена Анкета на професионални повреди и заболувања ја опфаќа сета држава, вклучувајќи го приватниот сектор, како и националните и локалните влади. Со анкетата се добиваат исцрпни податоци за секој еден поединечен случај на несреќа или повреда при работа и професионално заболување за опфатените работници, како и за изгубените денови.[15]

Во Филипините се користи Интегрирана анкета за труд и вработување за прибирање на податоци за практики на безбедност и здравје при работа, повреди при работа и професионални заболувања. Во Табелата 1 се изнесени прашањата за безбедност и здравје при работа опфатени во прашалникот од анкетата користени за собирање на ваквите податоци од испитаниците.

[14] Резимирани податоци за оваа анкета се достапни на: https://www.mhlw.go.jp/english/database/db- l/dl/outline_of_survey_2009.pdf. Податоците од оваа анкета вклучени во Годишникот за трудова статистика за 2017 година се достапни на: https://www.mhlw.go.jp/english/database/db-yl/2017/05.html.
[15] Дополнителни информации за повреди при работа и професионални заболувања се достапни на: https://www.bls.gov/opub/hom/home.htm.

## Филипините – Интегрирана анкета за труд и вработување 2017/2018

### Практики за безбедност и здравје при работа – Референтен период: календарска година 2017

- Кои активности се преземени и спроведени во вашето претпријатие како дел од превентивните или контролни мерки или активности против опасностите поврзани со безбедноста и здравјето при работа? *(Означете ги со „Да" или „Не")*
    - Организиран одбор за безбедност и здравје при работа
    - Назначени службеници за безбедност/здравје и/или лица за пружање прва помош
    - Поставување на безбедносни знаци или предупредувања
    - Воведување и запознавање на работниците со безбедноста и здравјето при работа
    - Поставување на штитници на на подвижните делови/опрема на машините
    - Подготвеност за вонредни ситуации и активности за одговор на земјотреси, пожари, истекувања на хемикалии, итн.
    - Редовно следење и контрола на опасности како на пример хемикалии, бучава и топлина во работните области
    - Споделување на информативни материјали за безбедност и здравје
    - Поднесување на неопходните извештаи за болести/повреди до DOLE
    - Обуки за безбедност и здравје за сите службеници и работници
    - Обука за ХИВ и СИДА на работното место
    - Редовна проверка и одржување на опремата
    - Застапување, едукација и обука за работно место без дрога
    - Обезбедување на мерки за приспособување на работното место за поддршка на работници заболени од туберкулоза (на пример, флексибилно отсуство/работен распоред)
    - Работно место каде не се пуши
    - Периодични/годишни медицински прегледи на работниците
    - Едукација за хепатит Б на работното место
    - Правилно ракување со хемикалии/опасни материјали (соодветно означување, ракување и складирање)
    - Употреба на прирачници за безбеднст, ознаки или процедури за одржување
    - Користење на безбедносни листови за хемикалии
    - Спроведување на програми за поправни дејствија и ревизии
    - Соодветно одржување на машинските и електричните инсталации и постројки
    - Обезбедување на соодветна лична заштитна опрема (ЛЗО) како респиратори, шлемови, заштитни обувки, безбедносни очила, ракавици, итн.
    - Примена на DOTS (Краток курс за директно надгледуван третман) при управување или упатување на лекување на работници заболени со туберкулоза
    - Случајно тестирање на службеници и вработени за користење на дрога
    - Проценка на системот за вентилација
    - Друго (наведете) ___________

- Кои од следниве политики и програми за безбедност и здравје при работа се спроведени во вашето претпријатие? *(Означете ги со „Да" или „Не")*
    - Програма за заштита на слухот
    - Следење/надзор на професионалните повреди и заболувања и повреди и заболувања поврзани со работата
    - Програма за здрав животен стил како на пример прекин на пушењето, редовна физичка активност, добра исхрана и управување со стресот
    - Програма одобрена од DOLE за безбедност и здравје во градежништвото
    - Политика за недискриминација на работници кои имаат/имале пулмонарна туберкулоза (PTB)
    - Политика за недискриминација на работници кај кои е потврдена, постои сомневање за или се претпоставува инфекција со ХИВ
    - Политика за недискриминација на работници кај кои е потврдена, постои сомневање за или се претпоставува инфекција со хепатит В
    - Програма за превенција на несреќи при работа
    - Програма за подготвеност и одговор при вонредна состојба
    - Програма за превенција и контрола на туберкулоза
    - Програма за управување со топлотен стрес
    - Програма за заштита на респираторниот систем

▶ **Табела 1. Примери за прашања за безбедност и здравје при работа во анкети на деловни субјекти (продолжува)**

  - ○ Програма за спречување на сексуално вознемирување
  - ○ Политика и програма за превенција и контрола на ХИВ и СИДА
  - ○ Програма за квалитет на внатрешниот воздух
  - ○ Политика и програма за работни места без дрога
  - ○ Програма за помош на вработени во однос на користење на супстанции која вклучува лекување, рехабилитација и услуги за упатување
  - ○ Политика и програма за спречување и контрола на хепатит B
  - ○ Програма ErgoHemics
  - ○ Политика за забрана за сексуално вознемирување
  - ○ Програма за хемиска безбедност како на пример обезбедување на етикети од Глобално хармонизиран систем (GHS) или листови со безбедносни податоци
  - ○ Програма за спречување и контрола на пожари
  - ○ Друго (наведете) ____________________

- Дали има достапни обуки за безбедност и здравје за вашите вработени? (Доколку Да, ве молиме штиклирајте ги односните обуки/семинари достапни за вашите вработени и наведете најмногу 3 агенции/организации за обука кои ги имаат спроведено со користење на соодветниот код)
  - ○ Основна 40-часовна обука за безбедност и здравје при работа
  - ○ Еднодневен вовед и запознавање со безбедноста и здравјето при работа
  - ○ Превенција и контрола на ХИВ и СИДА на работното место
  - ○ Процедури за безбедно работење / Обука за вклучување и исклучување на машини
  - ○ Обука за работно место без дрога
  - ○ Спречување и контрола на туберкулоза на работното место
  - ○ Работно место без цигари/Контрола на тутун на работното место
  - ○ Превенција и контрола на Хепатитис B на работното место
  - ○ Управување со стрес
  - ○ Превенција и контрола на заболувања поврзани со животниот стил/здрав животен стил
  - ○ Обука за противпожарна безбедност
  - ○ Индустриска хигиена (вентилација, мерења во работната средина, итн.)
  - ○ Обука за хемиска безбедност
  - ○ Обука ErgoHemics
  - ○ Подготвеност и одговор при вонредни состојби
  - ○ Ревизија на безбедноста / Истрага на несреќи
  - ○ Систем за управување со БЗР
  - ○ Планирање на семејство и репродуктивно здравје
  - ○ Безбедносна обука за скелиња
  - ○ Друго (наведете)

- Кои се назначените вработени лица за безбедност и здравје при работа во вашето претпријатие?

  Обучено лице за прва помош ▢ Медицинска сестра за здравје при работа ▢ Лекар по медицина на трудот ▢ Заболекар ▢ Индустриски хигиеничар ▢ Службеник за безбедност

  Дали вашиот службеник за безбедност е акредитиран од DOLE? ▢ Да ▢ Не

  Друго (наведете) ______________ ▢ Нема

## Повреди и заболувања при работа – Референтен период: календарска година 2017

- Дали вашето претпријатие документира појави (доколку ги има) на професионални заболувања и повреди при работа?
  ▢ Да ▢ Не (Доколку Да, каде ги документирате ваквите појави?) ▢ Евидентна книга за случаи на повреди при работа и професионални заболувања ▢ Друго ______________________

- Дали во вашето претпријатие имало некои несреќи при работа во текот на годината? ▢ Да ▢ Не

- Колку несреќи при работа се имаат случено?

▶ **Табела 1. Примери за прашања за безбедност и здравје при работа во анкети на деловни субјекти (продолжува)**

| Вид на повреда | Фатални исходи | Трајна неспособност: Случаи | Трајна неспособност: Изгубени работни денови | Привремена неспособност: Случаи | Привремена неспособност: Изгубени работни денови | Случаи без изгубени работни денови |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно (збир)** | | | | | | |
| Површни повреди и отворени рани | | | | | | |
| Фрактури | | | | | | |
| Исчашувања, истегнувања и напрегања | | | | | | |
| Трауматски ампутации | | | | | | |
| Потреси на мозокот и внатрешни повреди | | | | | | |
| Изгореници, повреди предизвикани од корозивни материи, попарувања и смрзнатини | | | | | | |
| Акутно труење и инфекции | | | | | | |
| Туѓо тело во окото | | | | | | |
| Друго (наведете) | | | | | | |

| **Повреден дел од телото** | **Фатални исходи** | **Случаи на трајна неспособност** | **Случаи на привремена неспособнот** | **Случаи без изгубени работни денови** |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно (збир)** | | | | |
| Глава | | | | |
| Врат | | | | |
| Грб | | | | |
| Трупот од телото или внатрешни органи | | | | |
| Цела рака и рамо | | | | |
| Рачен зглоб и рака | | | | |
| Долни екстремитети | | | | |
| Цело тело или повеќе делови од телото подеднакво повредени | | | | |

| **Причина за повредата** | **Фатални исходи** | **Случаи на трајна неспособност** | **Случаи на привремена неспособнот** | **Случаи без изгубени работни денови** |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно (збир)** | | | | |
| Падови на лица | | | | |
| Удар од предмети што паѓаат | | | | |
| Нагазување или удар од предмети со исклучок на предмети кои паѓаат | | | | |
| Приклештување од/меѓу предмети | | | | |
| Прекумерен физички напор или движења со напрегање | | | | |
| Изложеност на или контакт со екстремни температури | | | | |
| Изложеност на или контакт со електрична енергија | | | | |
| Изложеност на или контакт со штетни супстанции | | | | |
| Изложеност на радијација | | | | |
| Друго (наведете) | | | | |

▶ **Табела 1. Примери за прашања за безбедност и здравје при работа во анкети на деловни субјекти (продолжува)**

| Причинител на повредата | Фатални исходи | Случаи на трајна неспособност | Случаи на привремена неспособнот | Случаи без изгубени работни денови |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно (збир)** | | | | |
| Згради, објекти | | | | |
| Погонски машини | | | | |
| Дистрибутивни системи | | | | |
| Рачен алат | | | | |
| Машини, опрема | | | | |
| Опрема или возила за пренос/транспорт/пакување | | | | |
| Материјали, објекти | | | | |
| Хемиски супстанции | | | | |
| Луѓе, животни, растенија, итн. | | | | |
| Друго (наведете) ________________ | | | | |

| Причинител на повредата | Фатални исходи | Случаи на трајна неспособност | Случаи на привремена неспособнот | Случаи без изгубени работни денови |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно (збир)** | | | | |
| Раководители | | | | |
| Стручни лица | | | | |
| Техничари и сродни стручни соработници | | | | |
| Административни соработници | | | | |
| Работници во услужни дејности и продажба | | | | |
| Квалификувани работници во земјоделството, шумарството и рибарството | | | | |
| Занаетчии и сродни занимања | | | | |
| Ракувачи со постројки и машини и монтери | | | | |
| Елементарни занимања | | | | |

## 4.3. Анкети на домаќинства

Анкетите на домаќинства претставуваат збирки на податоци кај кои домаќинството претставува единица на примерок. Тие се дизајнирани специјално за прибирање информации за одредени теми, а податоците се прибираат по пат на прашалници што им се доставуваат на примерок од домаќинства во популацијата. По својата природа, анкетите на домаќинства можат да опфатат која било тема за која членовите на домаќинството можат да дадат информации. Кога се спроведуваат редовно, тие овозможуваат следење и анализирање на краткорочните трендови.

Анкетите за работна сила се главниот вид анкети на домаќинства што се користат за добивање статистики за трудот, со оглед на фактот што тие се специјално наменети за таа цел. Оттаму, прашалниците во овие анкети овозможуваат соодветно истражување на посакуваните теми поврзани со трудот, со доволно дополнителни прашања за да се обезбеди прецизност на резултатите.

Анкетите за работна сила и останатите релевантни видови анкети на домаќинства можат да служат како извори на податоци за одредени аспекти на безбедноста и здравјето при работа, особено за повредите

при работа, кога прашалникот ги содржи соодветните прашања. Всушност, во ситуации кога не постојат веродостојни извори на податоци за повредите при работа, а се планира спроведување на анкета на домаќинства, додавањето релевантни прашања во прашалникот претставува економичен и ефикасен начин за надминување на недостатокот на податоци.

Големата предност од користењето на анкетите за работна сила (или други видови анкети на домаќинства) за добивање податоци за безбедноста и здравјето при работа е тоа што тие ја опфаќаат целата популација на работоспособна возраст во примерокот на анкетата (вклучувајќи ги сите вработени лица без оглед на нивната стопанска дејност, занимање или статус на вработување, сите невработени лица и лицата надвор од работната сила). Истовремено, тие обезбедуваат кохерентна рамка за анализа на пазарот на трудот преку користење на различни показатели на пазарот на трудот, вклучително и индикатори за безбедност и здравје при работа. Воедно, ова значи дека анкетите на домаќинства ги опфаќаат работниците во неформалниот сектор и/или во неформалното вработување со оглед на фактот што лицата од примерокот се интервјуираат без оглед на карактеристиките на нивното вработување (за разлика од анкетите на претпријатија, кои најчесто ги исклучуваат претпријатијата од неформалниот сектор и неформалното вработување, како што е образложено во Делот 4.3). Оттука, анкетите на домаќинства можат да обезбедат податоци за прашањата поврзани со безбедноста и здравјето при работа кај тешко достапни групи, како што се земјоделците, самовработените лица и работниците во неформалното вработување.

Исто како и анкетите на деловни субјекти, анкетите на домаќинства овозможуваат доследно и кохерентно мерење на стапките на инциденца, зачестеност и сериозност на повредите при работа бидејќи обезбедуваат веродостојни статистички податоци како за броителот, така и за именителот на овие стапки со примена на истата методологија.

Сепак, важно е да се напомене дека опфатот на статистиката за повреди при работа добиена од анкетите на домаќинства е условена од местото на односните прашања во прашалникот на анкетата. Доколку овие прашања им се поставуваат на сите вработени лица, тогаш е можно да се добијат статистички податоци за повреди при работа за сите работници. Доколку, пак, овие прашања се поставуваат, на пример, единствено на вработени лица во платено вработување, тогаш референтната група може да биде ограничена само на лицата во платено вработување.

Друга значајна предност на анкетите на домаќинства како извор на статистика за повреди при работа е тоа што податоците можат да се вкрстуваат со бројни други променливи од интерес, бидејќи со овие анкети се прибираат информации за многу аспекти поврзани со состојбата на лицата на пазарот на трудот и нивната социо-економска положба. Како и да е, можностите за детално расчленување ќе зависат од големината и дизајнот на примерокот. Неопходно е да се воспостави соодветна рамнотежа помеѓу веродостојноста на податоците (која е поврзана со примерокот) и расчленувањето на податоците.

Дополнително, со оглед на тоа што единицата на анализа во анкетата на домаќинства е поединецот, секое лице се брои само еднаш, со што се избегнуваат проблемите со двојно евидентирање кои понекогаш се забележуваат кај административните записи.

Анкетите за работна сила, исто така, придонесуваат за поголема меѓународна споредливост на статистиката за повреди при работа имајќи предвид дека методологиите на овие анкети се поконзистентни од една држава до друга во споредба со административните записи или анкетите на деловни субјекти и вообичаено ги применуваат меѓународните стандарди и оперативни критериуми препорачани на меѓународно ниво.

Како и да е, веродостојноста на податоците за повреди при работа добиени од анкетите на домаќинства во голема мера зависи од точноста на одговорите на испитаниците, нивното сеќавање на несреќите и повредите, како и од нивната субјективност при определувањето на ваквите настани. Иако анкетарот може да ги потсети испитаниците на дефиницијата за несреќи и повреди при работа што се применува во анкетата, нивната лична перцепција на настаните сепак игра значајна улога. Во таа смисла, административните записи, особено осигурителните записи, можат да обезбедат поконзистентна идентификација на несреќите и повредите при работа, бидејќи осигурителната шема мора да применува строга и усогласена дефиниција при одлучувањето за надомест на штета за несреќи и повреди.

Дополнително, во анкетите на домаќинства, честопати еден член од избраното домаќинство ги дава потребните информации за сите членови на домаќинството. Во такви случаи, можно е испитаникот да не располага со прецизни информации за состојбата со безбедноста и здравјето при работа на останатите лица во домаќинството.

Главниот недостаток на анкетите на домаќинства како извор на статистички податоци за безбедност и здравје при работа е тоа што, поради релативно ниската зачестеност на повредите при работа, големината на примерокот честопати не овозможува изработка на доволно веродостојни проценки. Дополнително, анкетите на домаќинства подразбираат примерочни грешки, чиј обем зависи од дизајнот на примерокот. Конкретно, проценките за мали групи или подрачја можат да се карактеризираат со ограничена веродостојност поради нивната мала застапеност во примерокот, особено кога станува збор за ретки појави, како што се повредите при работа.

Имајќи предвид дека информациите се собираат директно од поединци (членови на домаќинствата), анкетите на домаќинства можат да обезбедат податоци само за оние аспекти на безбедноста и здравјето при работа што им се познати на интервјуираните работници. Најчесто се прибираат податоци за бројот на нефатални повреди при работа и бројот на изгубени работни денови поради тие повреди. Со оглед на тоа што еден работник може да претрпи повеќе повреди при работа, прашалникот идеално треба да содржи прашање за бројот на повреди што ги претрпел секој работник, а со цел да се добијат податоци и за бројот на работници кои претрпеле повреда и за вкупниот број на повреди. Потешко е да се прибираат податоци за фатални повреди при работа преку анкети на домаќинства, иако за таа цел можат да се поставуваат релевантни прашања до посредни испитаници.

Неопходно е да се нагласи критичната важност на формулацијата на прашањата поврзани со безбедноста и здравјето при работа. Начинот на кој се формулирани прашањата во голема мера ја определува прецизноста на добиените резултати. При толкувањето на статистичките податоци, од суштинско значење е да се има предвид конкретното прашање или група прашања врз основа на кои се собрани податоците, бидејќи токму тие определуваат на што всушност се однесуваат податоците. Дизајнот на прашањата влијае и врз споредливоста на податоците меѓу државите, бидејќи различни формулации не секогаш обезбедуваат ист вид информации.

Во Табелата 2 се прикажани неколку примери на прашања што се користат за прибирање информации за безбедноста и здравјето при работа во анкетите за работна сила во различни држави.

▶ **Табела 2. Примери за прашања за безбедност и здравје при работи во анкети на работната сила**

## Бангладеш – Анкета на работната сила за 2017

- Во текот на последните 12 месеци, дали на работното место сте доживеале несреќа при работа при што сте се здобиле со повреда или заболување? *(вклучете ги несреќите што се случиле додека сте патувале до/од работа).*
  ▢ Да ▢ Не
- Дали некоја од овие повреди довела до ваше отсуство од работа/училиште или сте биле спречени да посетувате настава, во време од најмалку еден ден, покрај денот кога несреќата се има случено?
  ▢ Да ▢ Не
- Дали повредите ве имаат сериозно ограничено во однос на извршување на вашата работа или активности и покрај тоа што не сте биле отсутни од работа и не сте биле спречени да работите?
  ▢ Да ▢ Не
- Колку вакви повреди сте имале во текот на последните 12 месеци? ___________
- Во изминатите 12 месеци колку дена сте биле отсутни од работа поради доживеани повреди како резултат на несреќи? *(Доколку не сте биле воопшто спречени запишете 00, а доколку не е возможно да се вратите на работа поради несреќа, напишете 99).*
- Во текот на последните 12 месеци, дали сте биле изложени на некои од овие опасности на работа? Штиклирајте ги сите што се релевантни:
  - Прашина, чад, гласна бучава или вибрации
  - Оган, гас, пламен
  - Екстремен студ или топлина
  - Опасен алат, ножеви, сечила, итн.
  - Работење под или над површината на земјата
  - Работење во вода / езерце / река
  - Работно место кое е премногу темно или ограничено / недоволна вентилација
  - Хемикалии (пестициди, лепила, итн.)
  - Експлозиви
  - Друго (наведете) ___________
- Во изминатите 12 месеци, дали сте биле изложени на следново на работа? Штиклирајте ги сите што се релевантни:
  - Постојано викање/повторливи навреди
  - Тепање/Физички повреди
  - Сексуална злоупотреба (допирање)
  - Друго (наведете) ___________

## Либерија – Анкета на работната сила за 2017

- Дали сте биле повредени во несреќа при работа која ви предизвикала лична повреда или заболување? ▢ Да ▢ Не
- Дали сте доживеале вакви несреќи во изминатите 12 месеци? *(Не ги вклучувајте несреќите кои се случиле при патување од/до домот и местото на работа/обука).* ▢ Да ▢ Не
- На кое работно место работевте во времето на настанување на несреќата? *(Доколку станува збор за повеќе од една несреќа, земете ја предвид само најсериозната).*
  ▢ Моментална примарна работа ▢ Моментална секундарна работа ▢ Вообичаена примарна работа ▢ Вообичаена секундарна работа
  ▢ Друго (наведете) ___________
- Дали оваа повреда доведе до ваше отсуство или неможност да работите најмалку еден ден покрај денот на настанување на несреќата?
  ▢ Да ▢ Не
- Колку календарски денови бевте (или е веројатно дека ќе сте) отсутни од работа поради повреда? ___________

## Малави – Анкета на работната сила за 2012

- Дали сте биле повредени во несреќа при работа која ви предизвикала лична повреда или заболување? *(Не ги вклучувајте несреќите кои се случиле при патување од/до домот и местото на работа/обука).* ▢ Да ▢ Не
- Дали добивте надомест?
  ▢ Да ▢ Не
- Дали сте доживеале вакви несреќи во изминатите 12 месеци? ▢ Да ▢ Не
- На која работа работевте во времето на настанување на насреќата? (Доколку станува збор за повеќе од една несреќа, земете ја предвид само најсериозната).
  ▢ Моментална примарна работа
  ▢ Моментална секундарна работа
  ▢ Друго (наведете) ___________
- Колку дена бевте или е веројатно дека ќе сте отсутни од работа поради повредата? ___________

▶ **Табела 2. Примери за прашања за безбедност и здравје при работи во анкети на работната сила (продолжува)**

**Пакистан – Анкета на работната сила 2017/2018**

- Во изминатите 12 месеци дали сте се здобиле со некаква повреда при работа/професионално заболување кое довело до ваше отсуство од работа и/или потреба да се консултирате со лекар? ▢ Само еднаш ▢ Повеќе од еднаш (Наведете колку пати) ▢ Ниеднаш
*Во случај на повеќе од една повреда/заболување, сите прашања кои следуваат треба да се повторат за секоја поединечна повреда при работа/ професионално заболување.*
- Кој беше небезбедниот чин што ја предизвика несреќата/заболувањето?
    - Работење без овластување
    - Прекумерна брзина
    - Непримерно и ризично однесување на работното место
    - Дефект на безбедносните уреди
    - Користење на небезбедна опрема или небезбедно ракување со опремата
    - Прифаќање на небезбедна позиција
    - Непочитување на насоките
    - Некористење на обезбедената лична заштитна опрема
    - Небезбедно товарање или редење
    - Погрешен налог од претпоставениот (Наведете што и од кого)
    - Небезбеден чин од колега (Наведете што и од кого)
    - Небезбеден чин од надворешни лица (Наведете што и од кого)
    - Друго (Наведете)
- Дали за повредата/заболувањето ви следуваше лекување или моравте да отсуствувате од работа поради неа? *(Ве молиме наведете го периодот на отсуство независно колку кратко било).*
    - Хоспитализирани
    - Консултација со лекар, медицинска сестра или друго медицинско лице
    - Отсуство од работа
    - Ниедна
- Кои беа небезбедните услови кои ја предизвикаа несреќата/заболувањето?
    - Незаштитено или несоодветно заштитено
    - Дефектен алат, опрема или материјали
    - Небезбедна изведба или изградба
    - Лошо осветлување
    - Несоодветна облека или обувки
    - Необезбедување на неопходната заштитна опрема
    - Лошо одржување на работното место
    - Лизгави површини
    - Друго (наведете)
- За колку време можевте да се вратите назад на работа/да продолжите со вашите вообичаени обврски по несреќата/заболувањето?
    - Сè уште не сум вратен на работа/ги немам продолжено работните обврски
    - Никогаш нема да можам да се вратам назад на работа/да ги продолжам моите вообичаени обврски
    - На истиот ден од настанувањето на несреќата/ заболувањето
    - На првиот ден по несреќата/заболувањето
    - На вториот ден по несреќата/ заболувањето
    - 3 до 7 дена по несреќата/заболувањето
    - 8 до 15 дена по несреќата/заболувањето
    - 16 до 22 дена по несреќата/ заболувањето
    - 23 дена до 1 месец по несреќата/заболувањето
    - 2 до 4 месеци по несреќата/ заболувањето
    - 5 до 7 месеци по несреќата/ заболувањето
    - 8 до 12 месеци по несреќата/ заболувањето
    - Не знам

**Замбија – Квартална анкета на работната сила за 2018**

- Дали (ЛИЦЕТО) се има разболено или повредено во изминатите 12 месеци? ▢ Да ▢ Не
- Колку често (ЛИЦЕТО) се има повредено или разболено во изминатите 12 месеци? ▢ Еднаш или два пати ▢ 3 до 5 пати ▢ Повеќе од пет пати
- Колку сериозна беше последната здобиена повреда или заболување на (ЛИЦЕТО)?
    - Последици по работата: ▢ Трајно онеспособен ▢ Трајно спречен да работи ▢ Привремено спречен ▢ Сменето работно место
    - Последици по училиштето: ▢ Трајно спречен за на училиште ▢ Привремено спречен за на училиште ▢ Не е многу сериозно

**Табела 2. Примери за прашања за безбедност и здравје при работи во анкети на работната сила (продолжува)**

- Размислувајќи за последните 12 месеци, дали (ЛИЦЕТО) има доживеано некоја повреда при работа/професионално заболување кое довело до несреќа при работа или во текот на работата?
  ☐ Да ☐ Не
- Кое од следниве го има (ЛИЦЕТО) доживеано? *Штиклирајте ги сите кои се соодветни:*
  - Површни повреди или отворени рани
  - Фрактури
  - Исчашувања, истегнувања или напрегања
  - Изгореници, повреди предизвикани од корозивни материи, попарувања и смрзнатини
  - Проблеми со дишењето
  - Проблеми со очите
  - Проблеми со кожата
  - Проблеми со стомакот/дијареа
  - Треска
  - Екстремен замор
  - Друго (наведете)
- Размислувајќи за најсериозното заболување/повреда на (ЛИЦЕТО), како тоа/тие влијае на работата/училиштето на (ЛИЦЕТО)? ☐ Не беше сериозно – Не го попречи на работа/училиште ☐ Одреден период не одеше на работа ☐ Целосно престана да оди на работа ☐ Одреден период не одеше на училиште ☐ Целосно престана да оди на училиште
- Колку повреди при работа (ЛИЦЕТО) имало во изминатите 12 месеци кои го спречиле (ЛИЦЕТО) да ги извршува своите вообичаени работни обврски во времетраење од повеќе од еден ден броејќи од денот на несреќата? ☐ Еднаш или два пати ☐ 3 до 5 пати ☐ Повеќе од пет пати
- Каде било (ЛИЦЕТО) кога се случила нсреќата? ☐ Во својата вообичаена работна област во претпријатието/единицата ☐ Некаде на друго место во претпријатието/единицата ☐ Во својата вообичаена работна област надвор од претпријатието/ не е фиксна работната област ☐ На службено патување ☐ Друго (Наведете) ☐ Не е познато
- За колку време (ЛИЦЕТО) можеше да се врати назад и да продолжи со работа или со вообичаените работни обврски по несреќата? ☐ Сè уште е на платено отсуство ☐ Беше привремено ангажирано лице ☐ Самовработен ☐ Истиот ден ☐ Помалку од три последователни дена по несреќата ☐ Повеќе од три последователни дена по несреќата
- Наведете го конкретниот број на денови за (ЛИЦЕТО) да се врати и да продолжи со своите вообичаени работни обврски по несреќата:
- Дали (ЛИЦЕТО) во своето секојдневно работење крева тежок товар (на работа, училиште, итн.)? ☐ Секогаш/Често ☐ Понекогаш ☐ Ретко ☐ Никогаш
- Дали (ЛИЦЕТО) има некогаш ракувано со машинерија/опрема при која било активност? ☐ Да ☐ Не
- ☐ Не знаеме
- Каков вид на алатки, опрема или машини има (ЛИЦЕТО) користено на работа?
- Дали (ЛИЦЕТО) е изложено на некои од овие на работа?
  - Прашина, чад
  - Оган, гас, пламен, екстремни температури, влажност
  - Високи нивоа на бучава или штетни вибрации
  - Каснувања од змија/убоди од инсекти (отровни)
  - Опасен алат (ножеви, итн.)
  - Работа под земја
  - Работа на опасна висина
  - Работа во вода/ езеро/ бара/ река
  - Работно место кое е премногу мрачно или во затворен (ограничен) простор
  - Недоволна вентилација
  - Хемикалии (пестициди, лепила, итн.)
  - Експлозиви
  - Други работи, процеси или услови штетни по вашата безбедност или здравје
  - Неприменливо
- Дали (ЛИЦЕТО) некогаш било изложено на следново на работа? Штиклирајте ги сите кои се релевантни:
- ☐ Постојано викање ☐ Повторливи навреди ☐ Тепање/физички повреди ☐ Сексуално вознемирување (допирање или други работи кои не ви се допаѓаат) ☐ Друго (наведете)

Во одредени случаи, наместо во основниот прашалник од Анкетата за работна сила да се вклучи посебен дел за безбедност и здравје при работа (како во примерите прикажани во Табелата 2), на одреден циклус на анкетата му се додава ад хок модул за безбедност и здравје при работа (но не на сите циклуси). На овој начин се овозможува добивање податоци од анкети на домаќинства за безбедноста и здравјето при работа за одреден временски период или со одредена периодичност без притоа да се преоптоварува прашалникот во секој циклус на спроведување. Со ваков пристап, темите од пазарот на трудот за кои е од суштинско значење да се има веродостојни податоци, но не нужно и со висока зачестеност на собирање, можат наизменично да се вклучуваат во Анкетата за работна сила. Пример за ова е Ирската квартална национална анкета на домаќинства, која вклучувала модул за несреќи и заболувања во првите квартали од 2003, 2007 и 2011 година.[16] Исто така, Обединетото Кралство има два годишни модули што се додаваат на неговата Анкета за работна сила: „Модул за повреди на работното место“ и „Модул за самопријавени заболувања поврзани со работата“.[17]

Со цел да се поттикне точноста на одговорите добиени од испитаниците во Анкетата за работна сила или во други видови анкети на домаќинства, пожелно е да се користат повеќе прашања поврзани со безбедноста и здравјето при работа (како во примерите дадени во Табелата 2), што може да послужи и како механизам за проверка на квалитетот на добиените податоци.

Воедно, доста е вообичаено прашањето за причините за отсуство од работа, кое честопати е вклучено во анкетите за работна сила (и кое им се поставува на вработените лица кои биле отсутни од работа во референтниот период на анкетата), да ги вклучува несреќите при работа, повредите при работа или професионалните заболувања како можни одговори. Ова се однесува дури и во случаи кога не се поставуваат посебни прашања за појавата на несреќи или повреди, што сепак овозможува добивање на одредени информации за нивното влијание врз бројот на изгубени работни денови.

## 4.4. Комбинирање на различни алатки за здружување на нивните јаки страни

Ниту еден извор на податоци не може да ги задоволи сите потреби за податоци. Секој вид на извор има своја методологија, опфат и специфични карактеристики. Воедно, секој извор има свои предности и недостатоци. Оттаму, комбинирањето на различни видови извори претставува добар начин за надминување на нивните слабости по пат на искористување на нивните силни страни.

Поконкретно, административните податоци и податоците добиени преку примерочни анкети имаат различни методологии и карактеристики, воглавно поради фактот што нивниот дизајн е насочен кон различни цели. Нивниот опфат и покриеност, исто така, честопати се разликуваат во однос на географските подрачја, стопанските дејности, претпријатијата и видовите работници што тие ги опфаќаат. Токму поради тоа, податоците од административните записи и податоците од анкетите честопати не се целосно споредливи. Тие не се ниту меѓусебно заменливи, бидејќи вообичаено обезбедуваат информации за различни аспекти, но во отсуство на едниот извор, другиот претставува значаен извор на информации. Идеално, овие два вида извори на податоци треба да се комбинираат за меѓусебно да се надополнуваат.

Како што беше претходно наведено, опфатот на административните записи што содржат податоци за безбедност и здравје при работа може да не е целоисходен поради непријавување на несреќи, исклучување на одредени категории работници од системот за надомест на штета или поради тоа што евиденцијата покрива само одредени региони или стопански дејности во државата. Во такви случаи, административните записи можат да се надополнат со податоци добиени од анкети на домаќинства и/или анкети на деловни субјекти, а со цел да се обезбеди поширок и поцелосен опфат на сите работници и стопански дејности.

Истовремено, при изборот на примерок за анкета, во отсуство на понов попис, соодветна административна евиденција или регистар може да послужи како примерочна рамка. Променливите содржани во евиденцијата или регистарот можат да се користат за стратификација на популацијата при формирањето на примерокот.

---

[16] Списокот на модули вклучени во Ирската квартална национална анкета на домаќинства е достапен на: https://www.cso.ie/en/qnhs/qnhsmethodology/. Прашањата вклучени во модулот за Несреќи и болести за 2011 година е достапен на: https://www.cso.ie/en/qnhs/qnhsmethodology/qnhsaccidentsandillnessesq12011questionnaire/.
[17] Повеќе информации за овие модули од Анкетата на работната сила на Обединетото Кралство се достапни на: https://www.hse.gov.uk/statistics/lfs/technicalHete.htm

Истовремено, можно е да постојат повеќе административни записи со различна географска покриеност или кои опфаќаат различни стопански дејности. Идеално, сите записи кои се однесуваат на истата тема и кои ги водат различни агенции треба да се поврзат и/или консолидираат (на пример, со користење на единствени идентификатори на единица). На овој начин ќе се олесни проширувањето на опфатот на статистиката со што ќе се придонесе за посеопфатна и порепрезентативна податочна база по пат на поврзување на записите кои опфаќаат различни региони од државата или различни стопански дејности.

## 4.5. Други извори

Во отсуство на понова анкета на домаќинства или деловни субјекти, надополнета со недостаток на официјални процедури за генерирање на веродостојна статистика од административна евиденција, со примена на други извори и методи може да се добијат одредени увиди во прашања кои се однесуваат на безбедноста и здравјето при работа. Конкретно, достапните информации, знаење на националниот контекст и одредени свесни претпоставки може да се искористат за извлекување на проценети, импутирани или моделирани податоци за пазарот на трудот.

Методите применети за проценка и импутација мора да се издржани со цел да се осигура квалитет на податоците и веродостојност на резултатите, исто како што и кој и да е модел кој се користи за извлекување и добивање на трудова статистика мора да е темелно проверен и прегледан.[18]

# 5. Предизвици и согледувања

## 5.1. Достапност на податоци

Можеби најголемиот предизвик во областа на статистиката за безбедност и здравје при работа е недостатокот на достапни податоци. Навистина, не е многу вообичаено прашањата поврзани со безбедноста и здравјето при работа да бидат вклучени во анкетите на деловни субјекти или домаќинства, а иако административните записи се широко распространети, тие не секогаш се водат според строги правила и не секогаш редовно се ажурираат. За административните податоци да станат статистички податоци, одржувањето на евиденцијата мора да биде во согласност со одредени процедури кои обезбедуваат квалитет, валидност и конзистентност на информациите. Дури и во случаи кога се достапни веродостојни податоци од одредени административни записи, институциите надлежни за нивна обработка, анализа и користење не секогаш имаат пристап до нив.

Во заложбите да се осигура безбедност и здравје при работа за сите работници, транспарентноста на податоците и нивната јавна достапност се од исклучително значење. Носителите на политики треба да имаат пристап до веродостојни податоци за да можат да изработуваат и оценуваат политики и превентивни стратегии во областа на безбедноста и здравјето при работа, но јавната достапност на податоците може да биде корисна и за други клучни чинители. На пример, истражувачите и новинарите можат да посочат на значајни прашања и проблеми поврзани со безбедноста и здравјето при работа преку анализа и јавно презентирање на статистичките податоци.

Истовремено, свеста за прашањата кои се однесуваат на безбедноста и здравјето при работа може да ги поттикне заложбите од страна на владите и социјалните партнери за активно учество во обезбедувањето на безбедни и здрави работни средини. Социјалните партнери (вклучувајќи ги синдикатите и организациите на работодавачи) може да постанат свесни за ризиците и опасностите на нивните односни работни места благодарение на достапните податоци, а со тоа и да ги унапредат своите делувања заради своја лична безбедност.

[18] Од Брзиот водич за извори и употреби на трудова статистика.

## 5.2. Разноликост на можни извори

Разноликоста на можните извори на податоци за повредите при работа (административни записи, анкети на деловни субјекти и анкети на домаќинства) ја отежнува споредливоста на податоците помеѓу земјите. Во овие видови на извори се применуваат различни методологии и се обезбедуваат информации за различни специфични концепти.

Всушност, дури и податоците добиени од административните записи не се целосно споредливи, бидејќи различните видови записи следат различни правила и ги водат различни институции. Како што беше претходно наведено, два главни извори на податоци за безбедноста и здравјето при работа се евиденциите за пријави поднесени од работодавачите до надлежните органи и осигурителните евиденции на институциите за надомест на жртвите. Очигледно, овие два извори можат да дадат различни резултати, бидејќи постои веројатност дека не сите повреди за кои е исплатен надоместок биле пријавени од страна на работодавачот, и обратно. Воедно, можно е овие евиденции да имаат различен географски опфат или да опфаќаат различни стопански дејности или категории на работници.

Важно е да се напомене дека може да постои разлика и во статистичката единица што се користи од еден извор до друг. Осигурителните евиденции и евиденциите за пријавување најчесто го прикажуваат бројот на случаи на повреди (доколку еден работник претрпел повеќе повреди во текот на годината, тој/таа ќе биде евидентиран(а) онолку пати колку што претрпел(а) повреди), додека информациите добиени од анкетите на домаќинства обично се однесуваат на бројот на лица кои претрпеле најмалку една повреда (освен ако анкетата на веродостоен начин не собира податоци за бројот на повреди што ги претрпело секое лице и тие резултати не се агрегираат).

## 5.3. Споредливост на податоци ширум државите

Покрај разноликоста на можните извори на податоци, постојат и многу други фактори што ја отежнуваат меѓународната споредливост на статистиката за безбедност и здравје при работа. Овие фактори вклучуваат (но не се ограничени на) разлики помеѓу земјите во однос на законската рамка што ја регулира безбедноста и здравјето при работа, системите на социјална заштита, системите на здравствено осигурување, структурата на пазарот на трудот (на пример, во однос на застапеноста на неформалното вработување и самовработувањето, како и секторската структура на економијата) и расположливите ресурси за инспекција на трудот.

Проучувањето на безбедноста и здравјето при работа на меѓународно ниво, како и споредбите помеѓу земјите и регионите во поглед на несреќите при работа, повредите при работа и професионалните заболувања, се од суштинско значење за проценување на прекумерната изложеност на работниците на професионални ризици и опасности. Пошироката перспектива овозможува подобро разбирање на предизвиците поврзани со безбедноста и здравјето при работа во национален контекст. Искуствата на други земји можат да послужат како корисни примери за ефективни политики, системи и стратегии за спречување на несреќи и повреди при работа и професионални заболувања.

Сепак, при спроведување на меѓународни студии и споредби во областа на безбедноста и здравјето при работа, неопходно е да се земат предвид сите фактори што ја ограничуваат меѓународната споредливост на податоците.

## 5.4. Споредливост на податоци со текот на времето и анализа на трендови

Анализата на трендови во врска со мерките за безбедност и здравје при работа (како на пример стапките на повреди при работа) обезбедува информации за напредокот или влошувањето на безбедноста и здравјето при работа, а притоа обелоденувајќи ја ефективноста на мерките за превенција и евентуалната потреба за натамошно регулирање.

Сепак, мора да се забележи дека индикаторите за несреќи и повреди при работа се променливи и нестабилни, бидејќи неочекуваните, но значајни несреќи или националните катастрофи можат да предизвикаат големи годишни осцилации. Оттаму, краткорочните анализи на трендовите во областа на безбедноста и здравјето

при работа се релативно тешки за спроведување и толкување. Наместо тоа, анализите на трендовите треба првенствено да се насочат кон проучување на основниот долгорочен тренд што стои зад ваквите нагли промени.

## 5.5. Важноста на расчленувањето на податоците

Податоците за безбедноста и здравјето при работа се од пресудно значење за планирањето на превентивни стратегии бидејќи тие се сигнални области за одредена загриженост. Во насока на дизајнирање на понасочени стратегии за превенција и сродни политики, се препорачува да се изработат и анализираат индикатори за безбедност и здравје при работа кои се расчленети по различни ставки на интерес. Расчленувањето фрла светло на групите на работници, стопанските дејности или занимања кои се најмногу изложени на несреќи и повреди при работа, како и на професионални заболувања. Потоа тие би можеле поефективно да се таргетираат во однос на инспекциски посети и изработка на регулативи и процедури, како и подготовка на безбедносни кампањи.

На пример, статистичките податоци за фатални и нефатални повреди при работа според стопанска дејност, занимање и регион во рамките на државата можат да бидат многу информативни. Тие укажуваат на конкретните области на кои носителите на политики треба да го насочат своето внимание во однос на подобрувањето на мерките за безбедност на работното место, обезбедувајќи прецизни информации за стопанските дејности, занимањата или регионите кои се поподложни на несреќи при работа и професионални заболувања.

Покрај тоа, информациите за карактеристиките на работниците кои биле жртви на несреќи при работа можат да обелоденат кои групи работници се особено изложени на прекумерни ризици на работното место. На пример, статистиките за работници кои претрпеле повреди при работа според пол, возраст, мигрантски статус, статус на вработување и вид на договор за работа можат да бидат од суштинско значење за заштитата на најизложените работници од недостатоци во безбедноста и здравјето при работа.

Блогот на ILOSTAT кој се темели на статистиката за повреди при работа на ILOSTAT укажува дека во речиси сите земји за кои има достапни податоци, бројот на повреди при работа на 100.000 работници е поголем во случајот на мажите отколку кај жените во однос и на фаталните и на нефаталните повреди. Едно можно објаснување за оваа родова димензија на изложеноста на ризик е концентрацијата или значајната застапеност на машките работници во најнебезбедните сектори. Ова укажува на потребата од постоење на соодветни регулативи и насочени мерки за сведување на минимум на изложеноста на ризици и обезбедување на што е можно побезбедна работна средина за сите работници, земајќи ги предвид особеностите на секој сектор на дејност. Анализата на распределбата на повредите при работа по сектор на дејност посочува дека некои сектори се значително поопасни од други за работниците, барем во однос на ризикот од настанување несреќа при работа. Општо земено, секторите во кои се сконцентрирани најголемиот број на фатални несреќи при работа се преработувачката индустрија, градежништвото, како и транспортот и складирањето. Имено, во повеќе од две третини од земјите со достапни податоци, секој од овие сектори се наоѓа меѓу првите три сектори според уделот на фатални повреди при работа. Во помала мера (иако сè уште значајна), несреќите поврзани со работата честопати произлегуваат и од земјоделските дејности. Во нешто помалку од една четвртина од сите земји со достапни податоци, земјоделството се јавува меѓу првите три сектори според уделот на фатални повреди при работа.[19]

Сепак, уште едно можно објаснување за оваа родова димензија на несреќите при работа е традиционалната и вообичаена родова пристрасност во процедурите за пријавување, следење и собирање податоци за безбедноста и здравјето при работа, како и во истражувањата во оваа област. Имено, со оглед на фактот што истражувањата за работните услови традиционално се сосредоточуваат на индустрии во кои доминираат мажите, ризиците, опасностите и несреќите својствени за овие индустрии се подобро познати и подобро опфатени со мерки и политики. На пример, заложбите за постигнување безбедност на работниците кои вршат тешко физичко кревање во градежништвото се вообичаени и често доведуваат до донесување на соодветни прописи. Од друга страна, многу малку се знае (и уште помалку се презема) во врска со ризиците и последиците од тешкото физичко кревање во дејностите на грижа и нега, без разлика дали станува збор за платена или

---

[19] Извадок од блогот. Блогот е достапен на https://ilostat.ilo.org/covid-19-and-the-new-meaning-of-safety-and-health-at-work/

неплатена работа. Покрај тоа, иако статистиките за повреди при работа посочуваат дека мажите имаат поголема веројатност да бидат вклучени во несреќи при работа, постои сериозен недостаток на расчленети податоци за професионалните заболувања и факторите на ризик. Ова претставува причина за загриженост со оглед на фактот што фокусот на истражувањата за безбедност и здравје при работа врз индустрии во кои доминираат мажи истовремено укажува на празнина во знаењето за факторите на ризик кои особено ги засегаат или ги погодуваат жените. Вообичаено, референтните вредности за безбедно ниво на изложеност на радијација, хемикалии и прашина во односните индустрии се утврдуваат земајќи ги мажите како референтна група, иако овие нивоа сè уште можат да бидат небезбедни за жените.[20]

Глобалната рамка на индикатори за следење на напредокот во однос на Целите за одржлив развој предвидува индикаторот 8.8.1, кој се однесува на стапката на фатални и нефатални повреди при работа на 100.000 работници, да се расчлени според пол и мигрантски статус. Поседувањето одделни информации за домашните и мигрантските работници овозможува проценка на разликите во поглед на степенот на нивната изложеност на ризици поврзани со работата, а следствено на тоа, утврдување на потребата од насочени кампањи или политики.

Претходно споменатиот блог на ILOSTAT има покажано дека во 73 проценти од земјите за кои се достапни податоци во ILOSTAT, стапката на инциденца на фатални повреди при работа била повисока кај работниците мигранти во споредба со работниците кои не се мигранти (во случајот на земјите од Европската Унија, без разлика дали станува збор за мигранти од ЕУ или од земји надвор од ЕУ). Ова посочува дека работниците мигранти се повеќе изложени на професионални ризици и опасности, што може да биде поврзано со особеностите на работните места што тие ги извршуваат. Со цел да се осигури дека никој нема да е изоставен, неопходни се насочени мерки за унапредување и проширување на безбедноста и здравјето при работа за сите работници подеднакво.

Постојат бројни предизвици поврзани со изработката на статистики за безбедност и здравје при работа за работниците мигранти, особено кога тие не се опфатени со релевантните системи за надомест на штета, кога се прекумерно застапени во неформалното вработување или кога не се опфатени со трудовиот инспекциски надзор. Како и да е, прибирањето и обработката на ваквите податоци е неопходно за да се осигури безбедност и здравје при работа за сите работници. Оттаму, потребни се сериозни и континуирани заложби за поттикнување на изработката на статистики за безбедност и здравје при работа според мигрантски статус.

## 5.6. Влијанието на опфатеноста на статистиката

При толкувањето на статистиките за безбедност и здравје при работа, од пресудно значење е да се има предвид на што конкретно се однесуваат статистичките податоци и што тие опфаќаат. Статистиките можат да бидат многу веродостојни, но само во рамките на нивниот опфат и домен. Нивното толкување како да се репрезентативни за целата држава, за сите работни места и за сите работници, кога тоа не е случај, може да доведе до сериозно погрешни заклучоци. Особено е важно да се знае дали изворот на статистичките податоци (без разлика дали станува збор за административни записи, анкета на деловни субјекти или анкета на домаќинства) исклучува одредени подрачја на државата, одредени стопански дејности, претпријатија од одредена големина, одредени категории според статусот на вработување и/или одредени групи на работници.

На пример, административните записи на една осигурителна компанија што ги опфаќа работниците во градежниот сектор со формално вработување можат да претставуваат значаен извор на статистички податоци кога станува збор за повредите при работа. Сепак, тие статистики треба да се толкуваат во рамките на нивниот ограничен опфат. Тие се однесуваат единствено на повредите за кои е исплатен надоместок на работници во градежниот сектор кои имаат формално вработување и кои се осигурени во таа компанија. Со цел да се добие поцелоопфатна претстава за повредите при работа во државата, овој извор треба да се надополни со други извори на податоци кои ги вклучуваат останатите стопански дејности, работниците во неформално вработување и работниците кои се регистрирани во други осигурителни шеми или кои воопшто немаат осигурување.

Покрај тоа, кога постојат причини да се верува дека непријавувањето на несреќи при работа, фатални и нефатални повреди при работа и/или професионални заболувања е вообичаена појава, статистичките податоци треба да се толкуваат со особена претпазливост, земајќи ја предвид оваа околност.

---

[20] Criado Pérez, Caroline. 2019. Invisible Women – Exposing data bias in a world designed for men

## 5.7. Анализа на статистиката за безбедност и здравје при работа во рамките на одреден контекст и преку кохерентна група на показатели

Од сите претходно наведени аспекти произлегува дека е нужно да се земе предвид контекстот при толкувањето на статистиките за безбедност и здравје при работа. Контекстот (во однос на законската рамка, системот на социјална заштита, системот на здравствено осигурување, структурата и функционирањето на пазарот на трудот, состојбата на економијата, нивото на социјален дијалог и улогата на трудовата инспекција) во голема мера ги определува клучните обележја и особености на безбедноста и здравјето при работа, како и на статистиките што се однесуваат на оваа област.

Со цел да се изврши целосна анализа на состојбата со безбедноста и здравјето при работа, неопходно е сите релевантни индикатори да се толкуваат заедно, како единствена и поврзана целина, а не да се повикуваат исклучиво на една конкретна мерка. На пример, важно е да се знаат бројот, застапеноста и стапката на појава на фатални и нефатални повреди при работа, како и на професионални заболувања, заедно со информации за причините за нивното настанување и за клучните специфики на работниците и нивните работни места. Воедно, од суштинско значење е да се располага со податоци за последиците од несреќите при работа, повредите и професионалните заболувања, како што се бројот на изгубени работни денови, изгубениот приход, намаленото производство, оптоварувањето од заболувањата врз стапките на смртност и други слични показатели.

За да се разберат во нивниот вистински контекст и за да се утврдат најголемите предизвици во областа на безбедноста и здравјето при работа, овие показатели треба да се анализираат заедно со други клучни показатели на пазарот на трудот, како што се стапката на невработеност, комбинираната мерка за недоволна искористеност на работната сила, уделот на неформалното вработување, стапката на опфатеност со социјална заштита, стапката на синдикална организираност, стапката на организираност во организации на работодавачи и стапката на инспекција на трудот. Проучувањето на безбедноста и здравјето при работа треба да биде сегмент од пошироката анализа на пазарот на трудот, земајќи ги предвид особеностите на вработеното население, неговата структура според пол, возраст, мигрантски статус, статус на вработување, стопанска дејност, занимање и други релевантни обележја, како и застапеноста на неформалната работа и невработеноста, појавата на нестандардни облици на вработување и уделот на повремено ангажираните работници. Бројот на вработени и расположливите ресурси на инспекцијата на трудот условуваат колку таа е подготвена и способна да ги следи прашањата поврзани со безбедноста и здравјето при работа. Поради тоа, показателите поврзани со инспекцијата на трудот се исто така значаен елемент во анализата на статистиките за безбедност и здравје при работа.

Односната национална законска рамка, исто така, има клучна улога не само во поглед на состојбата со безбедноста и здравјето при работа, туку и во поглед на достапноста, квалитетот и опфатот на статистиките во оваа област. Во анализата можат да се вклучат различни показатели поврзани со законската рамка кои обезбедуваат значајни контекстуални информации, како што се обврската на работодавачите да ги пријават работниците, обврската за пријавување на несреќи при работа (каде што тоа е применливо), надлежностите на инспекцијата на трудот, одредбите што ги регулираат системите на социјална заштита и јавното здравство, слободата на здружување и правото на синдикално организирање и други релевантни прашања.

Потребата показателите на пазарот на трудот да се анализираат како поврзана и конзистентна целина, а не изолирано, е препознаена и во изработката на сеопфатни индикаторски рамки, како што се Индикаторите за достоинствена работа и Глобалната рамка на индикатори за Целите за одржлив развој.

## 5.8. Потреба за координација помеѓу агенциите

Собирањето, објавувањето и користењето на статистиките за безбедност и здравје при работа вклучува многу различни институции во рамките на една земја. Оттаму, за целосно да се искористи потенцијалот на овие статистики, од клучно значење е постоењето на силна институционална соработка. Вообичаено, во рамките на една земја, државниот завод за статистика располага со законски мандат и експертиза во областа на статистиката (вклучително и дизајнирање и спроведување примерочни истражувања), додека пак инспекцијата на трудот ги следи несреќите и повредите при работа. Работодавачите ги пријавуваат несреќите

до министерството за труд, а различни сегменти на системот за социјално осигурување (или приватните осигурителни компании) се занимаваат со обесштетување на фаталните и нефаталните повреди при работа. Информациите за професионалните заболувања вообичаено ги собира министерството за здравство или други надлежни институции. Имајќи го ова предвид, нужно е да се има кохерентен систем на статистика за безбедност и здравје при работа каде сите опфатени агенции соработуваат, ги здружуваат своите извори на информации и нивната експертиза за да придонесат кон креирање и спроведување ефективни политики во областа на безбедноста и здравјето при работа.“

# 6. Завршни забелешки

Пристојната работа е безбедна и здрава работа. Повредите и несреќите при работа и професионалните заболувања имаат значајна човечка, општествена и економска цена. Ние мора да преземеме чекори за да ги спречиме, а со тоа да постигнеме уверување дека сите работни места се безбедни и здрави.

Централната улога на безбедноста и здравјето при работа во однос на пристојната работа и одржливиот развој беше препознаена во Агендата за одржлив развој за 2030 година и конкретно во Целта 8.8, која се однесува на заштита на трудовите права и унапредување на безбедна и сигурна работна средина за сите работници, вклучувајќи ги и работниците мигранти, конкретно жените мигранти и оние кои се во несигурни и нестабилни облици на вработување.

И покрај огромните заложби преземени во текот на последните децении за унапредување на безбедноста и здравјето при работа во одредени делови од светот, несреќите при работа и професионалните заболувања сè уште се многу честа појава.

Актуелната пандемија нѐ потсетува и ни укажува на важноста на безбедноста и здравјето при работа, како и на опасностите од изложеност на неприфатливи здравствени ризици.

Постигнувањето на целта за универзална безбедност и здравје при работа наложува постоење на веродостојни податоци за следење на трендовите, идентификување на професионалните ризици, како и и обезбедување основа за креирање политики и стратегии за спречување на несреќи и повреди при работа, како и професионални заболувања. За жал, областа на статистиката за безбедност и здравје при работа се соочува со неколку значајни предизвици, вклучувајќи ги достапноста, квалитетот, навременоста, опфатот и споредливоста на податоците. За надминување на овие предизвици, од суштинско значење е воспоставување на консолидиран национален систем на статистики за безбедност и здравје при работа, кој ќе ја обедини експертизата на сите релевантни институции во земјата.

Вистинската вредност на статистиките за безбедност и здравје при работа лежи во нивната анализа и користење како основа за креирање политики и преземање превентивни мерки. Транспарентноста на методологијата што се користи за изработка на овие статистики е клучна за нивно правилно толкување. Споделувањето информации, не само за самите статистики туку и за нивната методологија и опфат, придонесува за правилна и ефективна употреба на показателите за безбедност и здравје при работа.

Потребни ни се не само веродостојни, навремени и конзистентни статистики за несреќите и повредите при работа, како и професионалните заболувања, туку и целосно искористување на нивниот аналитички потенцијал заради исигурување на безбедност и здравје при работа за работниците ширум светот.

# 7. Библиографија


Criado Pérez, Caroline. 2019. Invisible Women – Exposing data bias in a world designed for men.

МОТ. 1947. *Конвенција за инспекција на трудот*,1947 (Бр. 81).

МОТ. 1981. *Конвенција за безбедност и здравје при работа,* 1981 (Бр. 155).

МОТ. 1985. *Конвенција за статистика на трудот*, 1985 (Не. 160).

МОТ. 1998. *Резолуција во однос на статистиките за повреди при работа (кои произлегуваат од несреќи при работа)*. Усвоена на Шеснаесетата меѓународна конференција на статистичари на трудот (1998).

МОТ 2002. Протокол од *2002* кон *Конвенцијата за безбедност и здравје при работа* (P155).

МОТ. 2012. *Проценка на економските трошоци на повредите при работа и професионалните заболувања во државите во развој: Основни информации за носителите на одлуки*

МОТ. 2012. *Статистики за повреди при работа од анкети на домаќинства и анкети на деловни субјекти*.

МОТ. 2013. *Показатели, концепти и дефиниции на пристојната работа*. Втора верзија, нацрт. Поглавје 8 за безбедна работа

МОТ. 2016. *Водич за хармонизација на статистиката за инспекција на трудот*. МОТ. 2017. *Брз водич за извори и примени на статистиката на трудот*.

МОТ. 2018. *Пристојна работа и Целите на одржлив развој: Водич за индикаторите на пазарот на трудот за ЦОР*. Дел 2.1.7 за повреди при работа. Второ издание треба да се објави наскоро.

МОТ. 2019. *Конвенција за насилство и вознемирување,* 2019 (Бр. 190).

МОТ. 2020. *КОВИД-19 и новото значење на безбедноста и здравјето при работа*. Вебсајт на ILOSTAT – ILOSTAT блог.

МОТ. *Вебсајт на ILOSTAT – Опис на индикаторите: Инспекција на трудот*.

МОТ. *Вебсајт на ILOSTAT – Опис на индикаторите: Повреди при работа*.

МОТ. *Вебсајт на ILOSTAT – Тема безбедност и здравје при работа*.

МОТ. *LEGOSH – Глобална база на податоци за законодавството за безбедност и здравје при работа*.

МОТ. *Онлајн енциклопедија за безбедност и здравје при работа*

МОТ: PEMBER, R. 1998. *Подготовка и презентација на статистика на трудот врз основа на административна евиденција.*

Статистика Финска. 2004. *Користење на регистри и извори на административни податоци за статистички цели – Најдобри практики на Статистика Финска*

ОН. 2011. *Користење на административни и секундарни извори за официјална статистика: Прирачник на начела и практики.* Економска комисија за Европа на Обединетите Нации.

ОН. *Вебсајт за цели на одржлив развој*.

Оддел за статистика на Обединетите Нации. Метаподатоци за индикаторот 8.8.1 од ЦОР: „Стапки на зачестеност на фаталните и нефаталните повреди при работа, по пол и мигрантски статус". *Веб-страница за индикаторите на Целите за одржлив развој – Репозиториум на метаподатоци за индикаторите на ЦО*

Оваа публикација е резултат на проектот на Фондот Визија Нула (Vision Zero Fund – VZF) „Пополнување на празнините во податоците и знаењата за безбедноста и здравјето при работа во глобалните ланци на набавки за зајакнување на моделот на споделена одговорност“, финансиран од страна на Европската Унија.
Фондот Визија Нула (VZF) се спроведува во рамките на водечката програма на Меѓународната организација на трудот насловена „Безбедност и здравје за сите“ (Safety + Health for All).